**КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ**

ул. 50-та Дивизија, бр. 34
1000 Скопје, Република Северна Македонија
www.obezbeduvanje.org.mk
info@obezbeduvanje.org.mk

# ПРИРАЧНИК
# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СОБИРИ, ЈАВНИ НАСТАНИ И СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

351.746.5:351.752/.754(497.7)(035)
351.746.5:[351.75:796.093.1(497.7)(035)

ДИМОВСКИ, Злате С.
Прирачник обезбедување на собири, јавни настани и спортски натпревари / Злате С. Димовски. - Скопје : Комора на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, 2024. - 97 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Слика и белешка за авторот: стр. 97. - Библиографија: стр. 95-96

ISBN 978-608-66545-6-6

а) Приватно обезбедување -- Собири, јавни настани и спортски натпревари -- Македонија -- Прирачници

COBISS.MK-ID 64776709

**ЗЛАТЕ ДИМОВСКИ**

# <u>ПРИРАЧНИК</u>

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СОБИРИ, ЈАВНИ НАСТАНИ И СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

**СКОПЈЕ, 2024**

**д-р Злате ДИМОВСКИ**

**ПРИРАЧНИК**
**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СОБИРИ, ЈАВНИ НАСТАНИ И СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ**

**ИЗДАВАЧ**

**КОМОРА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ**

ул. 50-та Дивизија, бр. 34
1000 Скопје, Република Северна Македонија
www.obezbeduvanje.org.mk
info@obezbeduvanje.org.mk

**ЗА ИЗДАВАЧОТ**
м-р Верица МИЛЕСКА СТЕФАНОВСКА

**РЕЦЕНЗЕНТ**
проф. д-р Звонимир Џорцевиќ

**УРЕДНИК**
проф. д-р Злате Димовски

**КОРИЦА**
м-р Стефан Димовски

**КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА**
м-р Стефан Димовски

**ЛЕКТОР**
Мариетка Петровска

**ТИРАЖ**
300 примероци

**ПЕЧАТИ**—Попе КОМПАНИ ДОО- Скопје

# - С О Д Р Ж И Н А -


ПРЕДГОВОР .......... 1

ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ .......... 2

**ПРВ ДЕЛ**

1.1. Одржување на јавни собири, манифестации и спортски натпревари .......... 5

1.2. Подготовка и реализација на јавните собири, спортски натпревари и манифестации .......... 7

1.3. Законски регулативи и мерки за спречување на насилството на настаните.. 7

1.4. Заштита од насилство на јавните собири, манифестации и спортски натпревари .......... 10

1.5. Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари .......... 14

1.6. Поим и карактеристики на насилство на поединци и групи присутни на јавните настани, спортски натпревари или манифестации .......... 18

1.7. Улогата на насилството врз спортот .......... 21

1.8. Стадионот заживува од навивачите .......... 25

1.9. Стадионот е место за исполнување на симболизираното насилство .......... 25

1.10. Спортски настан- фудбалот и навивачите .......... 27

1.11. Спортскиот настан и хулиганизмот .......... 29

1.12. Хулиганизам .......... 30

1.13. Модели на проценка на опасностите од немири на настаните .......... 36

1.14. Нарушителите на спортски натпревари .......... 40

1.15. Ризици и мерки за намалување на насилството .......... 41

1.16. Улогата на МВР и полициските сили кон насилството на спортските натпревари .......... 42

**ВТОР ДЕЛ**

УЛОГАТА НА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА БЕЗБЕДНО ОДВИВАЊЕ НА СПОРТСКИ НАСТАНИ, ЈАВНИ СОБИРИ И МАНИФЕСТАЦИИ . 46

2.1. Овластување на Агенциите за приватно обезбедување да даваат услуги за обезбедување на, собири, јавни настани и спортски натпревари .......... 46

2.2. Подготовка и реализација на обезбедување на настани .......... 52

2.3. Мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за објекти од јавен карактер од втора, трета, четврта и петта категорија .......... 60

2.4. Превенција од појава на пожари во објекти од јавен карактер .......... 61

2.5. Акредитирање на лица и институции за присуство на настан ................ 65
2.6. Подготовки на план за обезбедување ........................................ 66
2.7. Пријавување на настанот ............................................................ 71
2.8. Изготвување план за обезбедување .......................................... 72
2.9. Тактика на реализација на обезбедување на настан.................. 75
2.10. Распоредување на лицата за обезбедување ............................ 79
2.11. Постапки по инцидентни ситуации ........................................ 84
2.12. Појава на паника при спортски натпревари ............................ 89
2.13. Што да се прави за справување во ситуација на паника ........ 90
РЕФЕРЕНЦИ ............................................................................................ 95

**ПРЕДГОВОР**

Приватното обезбедување претставува исклучително значаен безбедносен актер, кој ги спроведува своите јавни овластувања во домена на приватна заштита на лица и имот. Функцијата, улогата и придонесот на приватното обезбедување во сите сфери на живеењето и работењето на граѓаните во модерните општества се препознава преку различни форми на физичко и техничко обезбедување на објекти од витален интерес за државата т.н. критична инфраструктура, транспорт на пари и други вредносни пратки, обезбедување на училишта, шопинг центри, приватни, корпоративни и индустриски капацитети и секако, преку обезбедување на собири, јавни настани и спортски натпревари.

Евидентно е дека сите аспекти на работењето на приватниот безбедносен сектор се соодветно значајни и во таа смисла адекватно адресирани во однос на стручност и професионалност во вршењето на јавните овластувања. Во таа смисла, Комората за приватно обезбедување претставува клучен чинител којшто ги обединува стручните и научни капацитети во функција на професионален развој на приватното обезбедување.

Пред Вас е уште едно издание на Комората за приватно обезбедување кое се однесува на обезбедување насобири, јавни настани и спортски натпревари, илустрирајќи ги основите за подготовка и одржување на настани, регулатива, насилство, хулиганизам, модели на проценка на опасности, ризици и мерки за намалување на насилство итн. Меѓутоа, што е уште поважно, овој Прирачник нуди детален осврт на улогата на агенциите за приватно обезбедување за безбедно одвивање на спортски настани, јавни собири и манифестации. Имено, за прв пат во македонската стручна литература сублимирано се елаборираат овластувањата за приватно обезбедување во однос на подготовка и реализација на обезбедување на настани, мерки за заштита и превенција од пожари, акредитирање на лица и институции за присуство на настани, подготовка на план за обезбедување, тактика за реализација на обезбедување на настани, распоредување на работници за обезбедување, постапка при инцидентни ситуации итн.

Искрено се надеваме дека овој Прирачник ќе ја пополни празнината во стручната литература ќе претставува практично помагало за вршителите на дејноста во областа на обезбедување на собири, јавни настани и спортски натпревари.

**м-р Верица МИЛЕСКА СТЕФАНОВСКА**
Претседател на
Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Во последните две децинии во Република Северна Македонија дојде до постепена експанзија и напредок во демократизацијата на општеството. Како неизбежна последица на транзицијата се појавата и делувањето на поголем број на политички партии, приватизацијата, се појавија и голем број на социјално загрозени групи на граѓани, па потоа и воениот конфликт, во континуитет политичката борба за превласт, како и големиот број на одржани политички и социјални протести. Сето тоа доведе до зголемување на бројот на случаи на насилно, демолирачко и деструктивно однесување на граѓаните, кои најчесто завршуваа со судир на граѓаните со полицијата на јавните места. Таквата состојба едноставно се пренесе и при одржувањето на разни културни и спортски манифестации.

Спортот не може повеќе да се гледа само како феномен на обична масовна игра и забава. Тој мора да биде анализиран како феномен на масовна општествена култура, а при тоа навивачките групи како нејзин составен дел, стануваат сѐ поголем проблем на денешницата.

Навивачките групи денес ги карактеризира сѐ поголемата агресивност и насилничко однесување. Преку насилството навивачите го искажуваат чувството на незадоволство и одбивност спрема општествените норми. Тоа зголемено насилничко однесување има свои корени длабоко во нашето општество и не треба само да се пронајде, туку треба и да се проучи и разбере.

Екстремните групи на навивачи по дефиниција припаѓаат на свет кој тежнее да биде надвор од нормалните општествени кругови, на свет кој е алтернативен, непризнат и чие основно обележје е асоцијалност. Овие навивачки групи често се поврзани со политиката во државата, па политичарите секогаш тежнеат овие групи да ги придобијат и искористат за свои потреби. Сцените кои често ги гледаме на спортските трибини зборуваат и за евентуална поврзаност на навивачите со екстремните политички опции, во и надвор од државата.

Од кога постои спортот или разните видови на индивидуални и тимски натпреварувања, постојат и приврзаници, навивачи во поширока смисла на зборот, кои навиваат за својот фаворит и се емоционално поврзани со него, па согласно резултатот од спортскиот настан публиката ги покажива емоциите изразен како радост, стрес или болка. Таа состојба на емотивна оптовареност доведува до разни состојби, кои доколку се позитивни кулминираат со конзумирање алкохолни пијалоци и може да се надополни со деструкција, додека доколку е негативен резултатот за омилениот клуб, скоро секогаш кулминира со израз на

незадоволство со кулминација деструкција на општествени и приватни добра,па дури посегнување и по телесниот или животниот интегритет на лица со спротивни разбирања на спортската страна.

# ***ПРВ ДЕЛ***

## 1.1.Одржување на јавни собири, манифестации и спортски натпревари

Под јавни собири на повеќе од 20 граѓани, се сметаат собирање на отворен или затворен простор заради остварување на забавни, културни, верски, хуманитарни, социјални, политички, економски, спортски или слични интереси на граѓаните, организирани заради јавно изразување на мислење или протест. Не се сметаат за јавен собир:

- верски обреди што се одржуваат во простории наменети за верски цели;

- вообичаени народни свечености;

- погребни поворки;

- собирање на простори на кои е затворен слободниот пристап заради разгледување на синдикални прашања;

-вообичаени собирања од културно-забавен или спортски карактер кои организаторот во рамките на својата дејност, ги организира во затворени простори наменети за таа цел и

- вообичаени собирања, состаноци, семинари, трибини, на претставници на државни органи, организации, НВО или други правни лица во вршењето на надлежноста, односно дејноста, собирање на политички партии и слично, во затворени простори.

Јавен собир заради мирно изразување на мислење или протест може да се одржува на секое место кое е соодветно за таа намена, освен:

- до здравствени установи, на начин кој го оневозможува пристапот на возила на брза помош и го нарушува мирот на болните,

- до детски градинки и училишта додека децата престојуваат во нив и

- на автопатишта и магистрални патишта, на начин со кој се загрозува патниот сообраќај.

Заради интересите на безбедноста организаторот на јавниот собир мора да го извести Министерството за внатрешни работи за одржување на јавнот собир и мерките што се преземени за неговото одржување. Известувањето за јавен собир се поднесува во подрачната единица на Министерството за внатрешни работи на чие подрачје се одржува јавниот собир најдоцна 48 часа пред почетокот на одржувањето на јавниот собир. Воизвестувањетоорганизаторотгинаведуваследнивеподатоци:

- целите на одржувањето на јавниот собир;
- местото и времето на одржувањето;
- организаторотнајавниотсобир;
- мерките што организаторот ги презел во врска со непречено организирање и одвивање на јавниот собир и

- податоците за организаирање на редарската служба.

Заради заштита на правата на граѓаните, нормалното одвивање на сообраќајот, снабдувањето на населението со лекови, храна, гориво и слични неодложни потреби, како и заради почитување на обврските од меѓународни договори, организаторот на јавниот собир е должен да го обезбеди одржувањето на редот на јавниот собир и да организира редарска служба[1]. Доколку организаторот побара, а Министерството за внатрешни работи определи обезбедувањето на одржувањето на редот на јавниот собир да го врши полицијата, трошоците за тоа обезбедување ги поднесува организаторот. Организаторот е должен да го прекине одржувањето на јавниот собир, ако дојде до загрозување на животот и здравјето, безбедноста и личната сигурност на луѓето и имотот и должен е веднаш да го извести Министерството за внатрешни работи.

Лицата кои присуствуваат на јавниот собир не смеат да носат оружје и општо опасно орудие, како и алкохолни пијалаци и опојни дроги.

Министерството за внатрешни работи ќе го прекине одржувањето на јавен собир во случаите кога истиот е насочен кон:

- загрозување на животот, здравјето, безбедноста, личната сигурност и имотот на граѓаните;
- вршење или поттикнување на вршење кривични дела утврдени со закон и
- загрозување на животната средина.

Министерството за внатрешни работи ќе го прекине одржувањето на јавниот собир во случај кога неговото одржување е во спротивност со меѓународните договори со кои е предвидена обврска за непречено одвивање на сообраќајот.

Организаторот на јавниот собир е должен да ја надомести евентуалната штета што ќе настане при одржување на јавниот собир.

Странците можат да свикуваат и одржуваат јавен собир под услови да го пријават и добијат одобрение за одржување на јавниот собир од Министерството за внатрешни работи.

Заради подобро разбирање на јавните собири потребно е да ги евидентираме и легалните основи за јавно место. Под јавно место, се смета местото на кое е слободен пристапот на неопределен број лица без какви и да било услови (улица, училишта, плоштади, патишта,

---

[1]Под редарска служба се подразбира ангажман на лица кои ќе бидат посебно обележани и ќе се грижат за нормално одвивање на јавниот собир и врши оневозможување на нарушување на редот и мирот во просторот на одржување, но и делување од надвор. Можат да бидат ангажирани лица од присутните по избор на организаторот или да биде направен договор за услуга со Агенција за приватно обезбедување

излетнички места, пристаништа, чекални, угостителски, трговски и занаетчиски дуќани и слично) или под определени услови (спортски стадиони и игралишта, средства за јавен превоз, кино сали, театарски и концертни сали, изложбени простории, градини и слично), како и други места кои во определено време служат за вакви намени (земјишта или простории во кои се одржуваат јавни собири, приредби, натпревари и слично).

Како повреда на безбедноста на јавно место се смета кога постои несоодветно и насилно дејствие кое е извршено на самото место, но и на место кое не се смета за јавно место, ако тоа е достапно на поглед од јавно место (балкон, тераса, дрво, столбиште, скалила и слично) или ако последицата настапила на јавно место. Таквиот поширок зафат е во функција на гарантирање на безбедност на граѓаните кога се наоѓаат на јавен простор или околу него, во физичка смисла.

### 1.2.Подготовка и реализација на јавните собири, спортски натпревари и манифестации

Јавните собири, спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат поединци, граѓански организации, здруженија, правни субјекти, политички организации и здруженија, спортски клубови и национални спортски федерации, институции, установи и претпријатија.

Организаторите на јавните собири, манифестации и спортски натпревари се должни да обезбедат безбедно одржување на собирот, да не се нарушува јавниот ред и мир, мирот и спокојството на граѓаните и нивниот имот и да организираат укажување на итна медицинска помош за време на одржувањето на собирите и манифестациите.

Организаторот на јавните собири, спортските натпревари и манифестации е должен да ги спроведува мерките за спречување и оневозможување на насилното и недостојното однесување на присутните.Тиесе должни, доколку настанот е во затворен простор, бројот на присутните да не го надминуваат гледалишниот капацитет на објектот.

### 1.3.Законски регулативи и мерки за спречување на насилството на настаните

Основна констатација е дека во Република С. Македонија е евидентна појавата на промена на однесувањето на присутните на настаните каде се собираат поголема група на граѓани. Имено, сé повеќе е видлива насилната страна во однесувањето на дел од присутните,

особено ова е присутно при изразување на незадоволство од состојби во државата и на спортски натпревари. Тие со своето однесување не го истакнуваат само сопственото незадоволство или навивање, туку и специфичноста на сопствената група, регионот, етничката, националната и верската припадност.

Особено негативните аспекти на присутните се изразуваат кога одредени групи на самите настани демонстрираат дејствија по однапред подготвено сценарио за конфронтација со сите субјекти, посебно со органите задолжени за спречување на насилството, уништуваат имот, напаѓаат лица кои не се инволвирани во настанот, користат екстремен говор на омраза, а користењето на огнотехниката е само илустрација на нивната агресивност.

Одредени текстови и прилози во медиумите во некои случаи ја поттикнуваат тензијата помеѓу присутните на настаните, со што непосредно се стимулира насилството и недостојното однесување на самите настани.

Правото на мирен собир во Република Северна Македонија е уставно загарантирано право. Основен закон кој го уредува ова право е Законот за јавни собири[2]. Законот мора да се толкува и имплементира во согласност со меѓународните инструменти ратификувани од страна на државата. Универзалните и регионалните стандарди во врска со слободата на собирање главно произлегуваат од два правни инструменти: Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (ICCPR) и Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (ЕКЧП), како и опционалните протоколи кон неа. Сепак, Законот за јавните собири не е целосно усогласен со меѓународните документи. Со тоа, правото на мирен собир во Република Северна Македонија не може да се ужива во целост и без непотребни ограничувања. Од друга страна, нецелосното хармонизирање на законот со меѓународните документи на кои државата се обврзала значи дека државата не ги исполнила обврските на кои се согласила.

Со ова се подразбира дека секој, без оглед на тоа дали е граѓанин, странец или лице без државјанство во една земја, треба да го ужива правото на собирање и организирање на јавни настани. Законот за јавните собири не е во линија со опишаните стандарди. Во него се предвидува задолжителна обврска организаторот да го пријави собирот и да добие одобрение за одржување од Министерството за внатрешни

[2]Закон за јавните собири („Службен весник на Република Македонија" бр.55/1995, 19/2006, 66/2007 и 152/2015). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 31/2006 од 1 ноември 2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 119/2006.

работи. Известувањето и добивање на одобрение, не е во функција на попречување на правото на собирање, туку, неговата цел е да и овозможи на државата да ги преземе неопходните активности за да ја олесни слободата на собирање и да ги заштити јавниот ред, јавната безбедност и правата и слободите на другите граѓани и нивниот имот. Иако поимот собир, имплицира дека на местото на настанот ќе има повеќе од еден учесник, и еден единствен учесник да има треба да ужива заштита. Што значи, недозволиво е правото на мирен собир да се поврзува со исполнување на одредена квота со цел собирот да добие заштита. Законот за јавни собири, како јавни собири го дефинира собирањето на повеќе од 20 граѓани и според тоа, собирите со 20 или помалку учесници не потпаѓаат под овој закон..

Законот за јавни собири во членот 4 предвидува дека "заради заштита на правата на граѓаните, нормалното одвивање на сообраќајот, снадбувањето на населението со лекови, храна, гориво и слични неодложни работи, како и заради почитување на обврските од меѓународни договори, организаторот на јавниот собир е должен да го обезбеди одржувањето на јавниот собир и да организира редарска служба". Луѓето имаат право да ја избираат локацијата или рутата на собирот на јавно достапни места. Локацијата или рутата можат да вклучуваат, но не треба да бидат ограничени на: јавни паркови, плоштади, улици, патишта, тротоари, пешачки патеки и отворени површини во близина на јавни згради и објекти. Правото на мирен собир исто така го вклучува и правото да се избере датумот и времето на собирот. Времето на собирот може да биде од суштинско значење за пораката што учесниците сакаат да ја пренесат - на пример, да протестираат против истовремен настан или да одбележат историски настан. Правото да се избере датумот и времето на собирот, исто така, може да биде клучно во смисла на обезбедување дека собирот ќе ја достигне својата целна публика и овозможување на најширока можна партиципација (вклучувајќи учество на поединци од други градови или региони). Сеопфатните законски ограничувања - на пример, забраната на сите собири во одредено време, или на одредени локации или јавни места што се погодни за одржување собири - претставуваат ограничувања што го нарушуваат правото на слобода на собирање. Ограничувањата кои по правило наметнуваат забрани за времето или локацијата на собирите, а потоа дозволувајќи исклучоци од ова правило, ја превртуваат врската помеѓу слободата и ограничувањата со тоа што правото на слобода на мирно собирање го претвораат во привилегија. Во основата на правото на слобода на собирање е способноста на учесниците на собирите да го изберат местото каде што најдобро ќе можат да ја пренесат својата порака до целната публика. Би било

непропорционално доколку властите категорично исклучат места погодни и отворени за јавноста како места за мирни собири. Употребата на такви соодветни локации мора секогаш да се оценува во контекст на околностите на секој поединечен случај. Фактот дека пораката може да се изрази и на друго место, само по себе е недоволна причина да се бара одржување на собир на друго место, дури и ако таа локација е на повидок и звук на целната публика. Ова значи дека законодавците не смеат да исклучат цели категории локации за одржување на собирите (како што се одредени видови згради, вклучувајќи претседателски палати или парламенти, болници, детски градинки и училишта додека децата престојуваат во нив и на автопатишта и магистрални патишта). Истото важи и за просторите во приватна сопственост, каде што нема ограничувања надвор од оние што вообичаено важат за таквите простори (на пр.во згради,) треба да се примени. Ова исто така вклучува и забрани кои ја исклучуваат употребата на интернет како на пристапот.

### 1.4.Заштита од насилство на јавните собири, манифестации и спортски натпревари

Дозволеноста на јавното собирање на граѓаните за различни цели и мотиви е дозволено, но на самите настани, па и пред и после нивното одржување, не е дозволено нарушување на јавниот ред и мир и нормалното одвивање на животните активности на граѓаните. Насилството е составен елемент на човековото однесување а претставува намерно користење на физичка сила или насилство против себе, други лица или против општеството кое резултира или има големи шанси да кулминира со нанесување на повреди, психички штети, сузбивање на развојот или смрт.[3]

Преку примена на насилство, сила и агресија се нарушува јавниот ред и слободите на човекот. Поимот “сила“ во секојдневниот говор се употребува различно. Се користи како во преносна смисла (“сила на зборот“), така и во предметна смисла (“сурова сила“).

Силата, во смисла на кривичното право, претставува употреба на сила против некого за да се предизвика определено сторување или несторување. Таа сила може да биде телесна (човечка), користење животинска сила или механичка енергија.

Агресијата на човекот може да биде физичка и психичка. Физичката агресија е насочена кон физичкиот и телесниот интегритет на лицето кон кое е упатена агресијата. Психичката агресија најчесто се остварува преку закaната (vis morallis). Заканата е психичка принуда,

[3]Повеќе види во: World Health Organization (2002) “World report on violence and health, Gent

принуда при што психички дејствува врз човекот, притискајќи го да донесе одлука во одреден правец, посакуван од друг.

Голем број од теоретичарите и филозофите сметале дека насилството е битна карактеристика на секое општество или заедница, поточно нагласениот судир на конфликти во општествениот живот и нивните сфаќања за самото насилство, генерално можат да се сведат на неколку општи поставки:

- секое општество или заедница, во секоја точка или во секој период од своето постоење, се подложни на промени, што значи дека општествените промени се најважни и најопшти, а со тоа и секој систем е потенцијално нестабилен;
- секое општество во своите градивни елементи содржи одредени противречности и судири, што значи секој општествен конфликт е сеприсутен, а општествената рамнотежа и интеграција се само привидни или привремени;
- секој елемент на општествената заедница може да придонесе или поттикне општествена дезинтеграција и промени, како што може и сам да се менува;
- секое општество е заосновано врз основа на принуда на некои негови членови над другите, а т.н. заеднички вредности или не постојат или се наметнати (без оглед колку се оправдани и полезни);
- основните поими на овие теории се столб на конфликтот, дезинтеграцијата, нестабилноста, промените и принудата.[4]

Насилството претставувало интерес на проучување од поодамна. Покрај своите погледи и дефинирање на насилството, Кант, е можеби и првиот теоретичар кој во своите трудови, јавно истакнува дека понекогаш примената на насилство е нужна и потребно е таа да биде дозволена и да се смета за оправдана, но само доколку се исполнат неколку битни услови и тоа:

- доколку употребата на сила претставува нужен одговор на надворешен предизвик кој цели на загрозување на човековата егистенција и темелните хуманистички потреби, вредности и норми, и да биде употребена само доколку сите ненасилни средства во дадената ситуација биле применети во насока на одвраќање на таа закана и се покажале како неефикасни;
- употребата на сила да се одвива спрема строго утврдени правила, кои се однапред дефинирани и познати, а претходно се прифатени од демократското мнозинство,

[4]Defendologija br. 10/2001, UdruzenjedefendologaRepublikeSrpske, str. 20

притоа да постојат сигурни и делотворни механизми за следење, надзор и санкционирање на секој поединец кој во нејзината употреба би ги прекршил важечките правила, а самата употреба на сила да биде предмет на постојана проверка и непрекинато подобрување;

- да применетата сила, ниту по обем, ниту по интензитет, да не ги пречекори границите на нужна одбрана, што во секој конкретен случај, посебно се утврдуваат според правните и договорните норми, односно на таквата реакција да не се допушти манифестација на агресија како самостоен мотив, чие пак присуство може да се препознае според безпредметна или прекумерна и несразмерна употреба на сила, кои се пратени со уживање или барем рамнодушност кон болката и патењето на жртвите, како и самото уживање во извршувањето на делото, поточно неговите последици.[5]

Јавниот ред и мир генерално моше да биде нарушен со примена на насилство, сила, агресија, преку физичко или психичко дејствување. Јавниот ред и мир, согласно позитивната законска регулатива може да биде нарушен на различни начини. Како нарушување на јавниот ред и мир се подразбираат дејствија како: карање, викање или непристојно и дрско однесување, фрлање или кршење шишиња, чаши или други предмети кои ги вознемирува граѓаните или ја загрозува нивната безбедност, оддавање на пијанство на јавно место или во пијана состојба го нарушува јавниот ред и мир, малтретирање на друг во стан, ги вознемирува соседите, со што ќе се предизвика интервенција на полицијата, нарушување на мирот на други со пеење, користење на музички инструменти, радио и телевизиски апарати и други технички уреди, како и со механички извори на врева (мотор и слично), во периодот од 15,00 до 18,00 часот и по 23,00 часот до 6,00 часот наутро. Исто така и оној кој организира борба меѓу животни и предизвикува негодување на граѓаните или ја загрозува нивната безбедност, малтретирање, омаловажување, понижување и навредување на друг или со вршење присилба спрема друг ќе предизвика негодување на граѓаните, или ја загрозува нивната безбедност, учествување, предизвикување или поттикнување друг на тепачка, кој на јавно место физички ќе нападне друго лице, омаловажување државен орган, односно омаловажување или навредување службено лице на државен орган или друга институција која врши јавни овластувања во вршење на службата, постапување спротивно на наредбата на надлежен државен

[5]Вејновиќ Д. (2011) "Насиље у спорту као сегмент насиља у друштву са тежиштем на навијачке групе", Зборник радова – "Насиље у спорту", Бања Лука

орган или на овластено службено лице на државен орган за забрана да се пристапува или задржува на определено место, лажно повикување на помош или пријави настан со намера да предизвика излегување на службено лице на државен орган или на јавна служба, оштетување, уништување или осквернување споменик, неовластено отстранување, кинење, замачкување, оштетување или на кој било начин ги изложување на подбив државните симболи на Република Северна Македонија, симболи на припадниците на заедниците или истакне знаме или грб кој не ги содржи обележјата, оддавање на проституција, како и издавање, односно ставање на располагање простории за вршење на проституција, оддавање на уживање на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурзори, давање аудиовизуелни слики и други предмети со порнографска содржина или со изразено насилство на малолетни лица, лажно претстаување во однос на својата службена функција, односно статус или употребување лажни лични податоци како свои или потврдување туѓи лажни лични податоции  неовластено носење ознаки на службено лице, реметење јавен ред и мир во заеднички простории (столбиште, подрум, заграден двор) на станбена зграда во која не е населен, во двор или простории на училиште во кое не е ученик или во простории на друга јавна зграда, оневозможување користење или оштетување јавни згради, јавни чешми, извори, плажи, паркови, шеталишта или други јавни објекти и инсталации или истите ги загадува со материи и отпадоци со кои се загадува животната средина и природата, неовластено приредување огномет, факелијада или слична приредба или не преземе мерки за безбедност.

Во овој преглед на нарушување на јавниот ред и мир има и други дејствија кои се забранети и кои се казнуваат но споменати се само оние кои се однесуваат на можно зафаќање и забележување од страна на припадниците на приватното обезбедување.

На почетокот од 2004-та година во Република Северна Македонија беше предложен, а кон крајот на истата донесен Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.[6] Овој закон иако е насловен како повреди на јавен ред и мир на спортски натпревари, сепак одредбите од него се однесуваат и на другите јавни собири и јавни манифестации кои се одржуваат во затворен (ограничен) простор или на отворен (неограничен) простор. Ограничен и неограничен простор се употребува да се објасни јасно одреден простор кој може да биде на отворени места (паркови, ниви, широки земјени површини) каде нема ограничувања до каде се простира делот на кој може да се пристапи со или без посебни услови (најави,

[6]За законската регулатива во оваа област повеќе информации на http://www.pravdiko.mk/zatvorski-kazni-za-diveene-na-sportski-natprevari/

карти, обележувања со списоци, беџеви, картици и сл.), додека ограничени се оние каде постои јасно ограничен простор со одредени обележја, траки, препреки или затворени простори како сали, терени, образовни и др. вид објекти.

Во неговите одредби е потенцирано дека публиката (присутните на јавни собири, манифестации и спортски натпревари) треба да се однесува пристојно, организаторот будно да ги следи гледачите на просторот каде се одржува настанот или на трибините, а кај спортските натпревари, гостинските клубови да не дозволат насилство од своите навивачи. На настаните се забранува внесување на алкохол, пиротехника, оружје и други реквизити кои најчесто присутните и навивачите ги употребуваат по нивното завршување. Се забранува истакнување на транспаренти, знамиња, пеење на песни или дофрлување на пораки кои предизвикуваат омраза или насилство врз основа на верска, национална и расна основа. Присутните и навивачите ќе бидат казнети ако го оштетат спортскиот инвентар или ги палат знамињата на други држави.

Предвидено е организаторот на настанот да обезбеди доволен број на редари[7], добро однесување на сите присутни и на припадниците на својот клуб и навивачите, како и да обезбеди техничка опрема за следење и снимање на однесувањето на присутните.

### 1.5.Законза спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари

Законот ја осигурува безбедноста на гледачите, актерите на мечевите и останатите учесници во спортската игра, како и правна основа за санкционирање на насилството пред, за време и по завршување на натпреварите. Предвидено е и обезбедување на заштита на гледачите кои пристојно се однесуваат, заштита на другите лица и субјекти и нивниот имот.

Како повод беа користени искуствата од други земји. Во тие држави, од каде се искористуваа искуства, Англија и Италија, за натпревари со предзнак ризик и висок ризик се вршат посебни организациски подготовки со играчите, навивачките групи и нивните челници и со одредени јавни служби, а овој сегмент од обласа на спортот е законски регулиран и во земјите од нашето соседство, Србија, Црна Гора и Хрватска.

Во расправата при неговото донесување потенцирано е тој да не остане само на хартија, односно големо внимание треба да се обрне и на

---

[7]Законзаприватнообезбедување (Службен весникна РМ, бр.166/12)

неговото спроведување во практика. Во 2007 година овој закон е дополнет.

Согласно англиските искуства, неопходно е да се изврши дефинирање на посебните услови кои треба да ги исполнат спортските објекти, опфатени со Законот за спорт[8]. Тоа значи дека врз основа на тие услови ќе треба да се изврши реконструкција на постоечките спортски објекти, како и просторот околу истите, поради зголемување на безбедноста на посетителите.

Оваа мерка би требала да опфати воспоставување на надворешен безбедносен периметар, ограда околу спортскиот објект, воспоставување на посебни влезови и излези за гостински навивачи, воспоставување на посебни приоди до влезот за гостински навивачи на спортскиот објект, создавање на услови цела трибина или дел од трибина да биде посебно одвоена за гостински навивачи со заштитни средства за да може да се спречи фрлање на предмет, како и поставување на безбедни седишта на сите спортски објекти кои ќе бидат нумерирани. Важен елемент е да се применуваат сите легално предвидени обврски околу посатвување и користење на противпожарна заштита при проектирање на објектите за јавна употреба и да се инсталираат и постават соодветен број и вид на апарати и системи за гасење на пожар.

Следна мерка која што би требала да биде преземана е забрана за влез на спортски натпревар со цел создавање на правна обврска за организаторот на спортскиот напревар за контролирана продажба на билети со документ за лична идентификација и водење на евиденција за продадени карти (со име, презиме и адреса, трибина, ред и седиште) и можност истата да се отстапи за користење за службени потреби по барање на МВР.

Да се прошират надлежностите и овластувањата на редарската служба, како и да се утврди критериумот за тоа што ќе значи доволен број на редари/обезбедувачи кои ќе бидат ангажирани за обезбедување на спортскиот натпревар.

Според Законот, Министерството за внатрешни работи води евиденција за навивачите на кои им е изречена забрана за влез и присуство на сите или на одредени натпревари. Во регистарот се чуваат личните податоци на навивачот/хулиган, вид на прекршокот, правосилната одлука со која е изречена казната, за кои натпревари се однесува забраната, времетраење на забраната за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари, како и припадност на

---

[8] Наведено според http://www.gazibaba.gov.mk/business/media/pdf/zakonska_regulativa/poddrska_na_gradonacalnikot/sport_i_mladi/sport/8-zakon-za-sportot-konsolidiran-tekst-2012.pdf

навивачка група. Надлежниот суд, за правосилната одлука со која е изречена забраната за присуство на натпревари ги известува националните спортски федерации. Тие се должни да го известат организаторот на спортскиот натпревар за навивачите на кои им е изречена казната, како и спортскиот клуб ако тие лица се негови регистрирани навивачи. Организаторот на спортскиот натпревар, пак, е должен да ги преземе сите мерки за да му оневозможи пристап во спортскиот објект на навивачот за кој знае или е должен да знае дека му е изречена забрана за присуство на натпревари.

Почеста употреба на мерката забрана за влез на лице кое е под дејство на алкохол или кое конзумира алкохол за времето од 2 часа пред натпреварот, со цел полицијата да може во рамките на своите овластувања предвидени со Законот за полиција, да го спречи лицето кое е под дејство на алкохол да влезе во спортскиот објект.

Врз основа на англиското искуство неоходно е да се работи на јакнење на врската помеѓу спортскиот клуб и навивачите, преку заеднички програми за работа, но и да се предвиди создавање на формално-правна поврзаност меѓу спортските клубови и навивачките групи со измена на легислативата за спорт, создадена е обврска за регистрирање на навивачките групи, а спортскиот клуб да воспостави и води евиденција за навивачи од сопствениот навивачки клуб, додека Националните федерации воспоставија евиденција за навивачи на репрезентација. На овој начин се обезбедува поголема одговорност на клубот кон навивачите и обратно, клубот гостин би ги организирал патувањата, трасата на движење на навивачите во координација со полицијата, би било одредено одговорно лице од клубот и редари/обезбедувачи кои ќе патуваат заедно со навивачите.

Спортските клубови водат регистар во електронска форма на членови на навивачка група (во натамошниот текст: регистар на навивачи)[9]. Членови на навивачка група се физички лица кои се запишани во регистарот на навивачи. Спортските клубови се должни да ги ажурираат податоците од регистарот на навивачи на секои шест месеци. Во однос на секоја операција или збир од операции што се изведуваат врз личните податоци за физичките лица содржани во регистарот на навивачи, а во врска со нивното собирање, внесување, евидентирање, ажурирање, организирање, чување, промена, повлекување, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, блокирање, бришење или уништување, како и која било друга обработка на личните податоци која

[9]Службен весник на Република Северна Македонија Редакциски пречистени текстови

произлегува согласно позитивната законска регулатива, се применуваат прописите за заштита на личните податоци.

Во регистарот на навивачи се внесуваат следниве податоци:

- име и презиме,
- број на важечка лична карта, односно број на важечка патна исправа,
- адреса на живеење,
- електронско сандаче,
- назив на навивачката група во која членува и
- податок за изречена забрана за присуство на спортски натпревари.

Членот на навивачката група е должен веднаш, а најдоцна во рок од осум работни дена, да го извести спортскиот клуб, за сите промени во врска со неговите податоци содржани во регистарот на навивачи. Формата и содржината на регистарот на навивачи и начинот на неговото водење ги пропишува функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот. Личните податоци од регистарот на навивачи се чуваат пет години од денот на нивното внесување во регистарот на навивачи.

За навивачките групи кои не биле уредно пријавени од страна на гостинскиот клуб, домашниот клуб да ја има можноста за истите да не дозволи влез на спортскиот објект, но обратно доколку истите се уредно пријавени и организирано донесени од клубот гостин домашниот клуб да биде должен истите да ги прими во спортскиот објект во процент од најмалку 10% од капацитетот на спортскиот објект. За навивачките групи кои и покрај укажувањето на клубот, односно националната спортска федерација, самоиницијативно се организираат, се собираат и патуваат се предвидува соодветна санкција.

Напорите за заживување и имплементација на мерките за ненасилство на спортските натпревари, предвидени во соодветниот закон, се настојува да станат се повидливи и во таа функција уште од 2008 година од страна на Владата на Република С. Македонија спроведена е кампања[10] „Стоп за насилството на спортските терени". Неа ја презентираа: Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за млади и спорт и претставници на 4-те најголеми национални федерации (фудбалската, кошаркарската, одбојкарската и ракометната). Целта била преку едукација да се спречат зачестените инциденти на спортските терени во Република С. Македонија.

---

[10]Кампања и/или спроведување на закон, преземено одhttp://www.panoptikum.mk/hronicar/?p=3506

### 1.6.Поим и карактеристики на насилство на поединци и групи присутни на јавните настани, спортски натпревари или манифестации

Присутните на јавните настани, спортски натпревари или манифестации се луѓе, еден или повеќе од нив во група, кои со своето присуство го охрабруваат поединецот или „тимот„ со изведбата на одредена психо-физичка активност, преку користење на одредени средства или без нив, а со цел сопствено задоволство или на групно ниво за постигнување на целите на настанот.

Доколку ретроспективно го погледнеме проблемот на нашата тема насилството, присутно на јавните настани, манифестации и спортски натпревари и превентивно и делување на спречување на нарушување на мирното одвивање на настаните, можеме да кажеме дека тоа е една перманентна општествена појава, која со текот на историјата постанала есенцијална компонента на општествената реалност. Од она што веќе го видовме, причините, мотивите и формите на насилство можат да бидат многу различни. Она што е поразително и што е предмет на наш интерес во трудот, е ескалацијата на насилство кое го вршат граѓаните, а посебномладите, и кое за жал, се почесто зазема се поголеми и пожестоки размери. Науката и теоретичарите се обидуваат да најдат одговор на оваа појава, поточно да ги идентификуваат мотивите, а со тоа се обидуваат и да го најдат најефикасниот начин на спречување и секако превенирање на оваа општествено – деструктивна појава која зазема се поголеми размери.

За полесно разбирање и согледување на насилството, теоретичарите, мотивите за насилство од страна на граѓаните ги делат во неколку теории и тоа:

* теорија на ресурси;
* теорија на размена и социјална контрола;
* теорија на социјално учење;
* теорија на субкултура;
* теорија на легитимизација на насилството;
* патријалхална теорија;
* онтогенетска теорија;
* теорија на микро системите;
* теорија на макро системите;
* антрополошка теорија.[11]

[11]Повеќе види во: Милосављевиќ М. (1998) “Насиље над децом“, Чигоја, Београд

Во поглед на насилството кое го вршат граѓаните, можеме да видиме дека има неколку критериуми според кои може да се направи диференцијација и да се изврши одредена типологија. Еден од обидите за една ваква типологија на систематски начин би била:

- според содржината може да се говори за физичко и психичко насилство;
- според начинот на извршување на насилство, може да има директен или индиректен облик на примена на сила;
- според носителите на насилство, може да биде индивидуално или колективно;
- според распространетоста, може да биде пунктуално и масовно;
- според времетраењето може да биде од моментален или долготраен карактер;
- според функцијата, насилството може да има инструментална или комуникациона функција;
- според причините, насилството може да биде рационално или ирационално.[12]

Во поглед на носителите на насилство и нивната поврзаност, се претставуваат во неколку елементи на специфичен општествен збир, групација, со исти или слични впечатливи особености:

- работно – економската положба на граѓаните е слична. Нивниот придонес во општеството не е вреднуван на адекватен начин, ниту пак им гарантира економска независност. Поголемиот дел од граѓаните, особено младите лица (кои се поврзуваат со насилството) најчесто работат на селски имоти, во кафе – барови на приватни сопственици, се занимаваат со шверц, препродажба на наркотични средства, дискриминирани се во поглед на синдикална и социјална заштита и сл.;
- подредената економска положба е директен причинител кој ги сместува во маргиналните кругови и улоги на општеството;
- нивниот дискриминаторски статус во општеството го детерминира нивното барање на општествени промени, се со цел да бидат субјекти на општеството, а не негови објекти, поточно креатори на својата егзистенција, а не креатури на општеството и отуѓените општествени институции;

[12] Ковачевиќ Б., Кнежевиќ М. (1997) "Социологија", НУБ Петар Кочиќ, Бања Лука

- за младите важи одреден специфичен начин на облекување, говор, начин на однесување, поминување на слободното време, мода и сл. (криминалистички начин на групна идентификација);
- младината е осетлива за моралните проблеми на општеството и самата дискрепанција која се јавува помеѓу нормативното и реалното, која во наши услови е доведена до крајни граници;
- младината е генерациски структурирана, што значи да една генерација на сродни годишта, ситуира во одреден историско – општествен простор.[13]

Насилството на јавните собири, пак, кое го врши младината претставува една хронолошка девијација, во која до израз доаѓа отсуството на социолошки норми. Настапот на јавните настани практично никогаш не се одвива без присутни, навивачи или гледачи. Присуството на лица, гледачи, кои ги поддржуваат организаторите на јавните настани, како и нивниот однос кон собирањата од различен вид, има големо влијание врз одвивањето на средбата и конечниот резултат. Присутните, публиката, гледачите, најчесто се сметаат за социјален агрегат, во кој личностите се поврзани со некој привремен заеднички интерес. Тие се поставени според извесен ред и организација кои се условени со самиот чин на настанот во кој сакаат да учествуваат, но сепак нејзина основна карактеристика е нејзината неструктурираност и неорганизираност во смисла на функционална или статусна структура. Од друга страна, јавните собири ја провоцираат потребата на присутните за јаки и страсни возбудувања.

Кога се работи за спортот, самите навивачки групи, претставуваат одреден вид на организирање во кое членовите се многу поцврсто врзани, отколку во случајот на “обична“ спортска публика. Навивачките групи се структурирани, постојани, составени од поединци кои имаат заедничка цел и кои извршуваат одредени цели и улоги во зависност од правилата и вредностите на групата. Секоја навивачка група има своја структура во која поединците завземаат одредени различни положби. Групата поседува свои интереси кои се насочуваат во правец да земат учество во нешто за чии вредности се обсмислува и самото делување на групата. Како и другите јавни приредби, така и спортските настани можат да привлечат бројна публика, а самите натпревари се признаен пат за ослободување од напнатоста на членовите, како поединци. За самите навивачи, овој ритуал претставува идеална прилика да се ослободат од напнатоста, каде што се толерира

[13] Ненадиќ М. (1999) “Социолошки итинерер“, Просвета, Београд

или каде што може да се изрази однесување кое отстапува од нормите кои вообичаено се толерираат до одреден степен.

Самиот факт дека општеството не санкционира во доволна мера такво и слично однесување во спортот и околку него, наведува до заклучокот дека, свесно или не, помага во стимулацијата и негов понатамошен развој, иако самиот акт на насилство претставува криминален акт кој е казнив според утврдените законски прописи.[14]

За жал, денес насилството кое го вршат младите е веќе вградено во самиот спорт и неговата организациона надградба. Од друга страна пак, додека самите спортисти се обучуваат за агресивност, а "организационата надградба" се крмининализира, без оглед дали криминалците превземаат одредени клубови или оние кои веќе ги водат клубовите постануваат криминалци. Јазикот кои го користат тренерите и спортските новинари е видлив доказ за насилниот карактер на спортот и негова интерпретација. Сето ова е видливо за оние кои се наоѓаат на трибините, кај нив победува фрустрација (особено ако се работи за малолетници) и на тој начин индиректно се поттикнува насилството.

Во однос на субкултурната теорија за симболичка агресија, можно е да се утврди дека навивачкото насилство гледано во целина, во поголема мера има симболичен, отколку стварен карактер. Се претпоставува дека симболичките и реалните обележја во севкупното навивачко насилство, во голема мера зависат од надворешни околности и исто така од целината на условувања од насилнички карактер. Тука не спаѓаат само оние ситуации, на кои укажуваат одредени автори кои го истажуваат овој феномен, како што се погрешни судиски одлуки, неадекватното однесување на полицијата и сл.

Може со сигурност да се претпостави и дека спремноста на навивачите да им нанесат сериозни повреди на припадниците на противничкиот клуб, битно ја зголемува можноста за продлабочување на општествените кризи.[15]

## 1.7.Улогата на насилството врз спортот

Навивачкото насилство е повеќекратно условено и поделено на различни нивоа на ривалитет. Пред се, од самите општествени околности зависи кој облик на ривалство и непријателство во одредени периоди ќе функционира како клучен услов за насилство и агресија. Природата на самиот доминантен услов, битно одредува дали ќе биде симболично или стварно насилство. На пример – симболичниот

[14] Трамошљанин Б. (2011) "Насиље у спорту с освртом на агресију омладине на спортским манифестацијама", Факултет за политичких наука, Бања Лука
[15] Стојковиќ С. (1989), "Убија ли спорт?", Филип Вишниќ, Београд

карактер на насилство станува се поизразен и по доминантен кога доминираат клупските и групните ривалства, поточно ривалства карактеристични за спортот. За разлика од тоа, во ситуација кога преовладуваат националните и политичките ривалства, односно спротивностите потикнуваат од пошироко оштествено опкружување, тогаш доаѓа до реално или стварно насилство.

Поконкретно кај спортот, историски гледано, може да се каже дека не постои општество во кое не постоеле одредени игри, кои подоцна добиле облик на спортски игри, поточно спортски настани. Така било во минатото, така е и денес. Спортот претставува еден неделив дел од општествената целина и е непосредно поврзан со неа, поточно ја "дели судбината на општеството".

Покрај работата, индустријата, политиката, културата, образованието, здравството и спортот е една од областите или елементите кои завземаат дел од целината која човекот ја нарекува општество. Уште од минатото, па и денес, спортот и спортските натпревари го изразуваат "духот" на општеството на кое припаѓаат – тие се негов одраз.

Погледите и поделбите за спортот се движат помеѓу истакнување на различни, позитивни и негативни ставови. Како пример за позитивни ставови за спортот се истакнуваат следниве:

- спортот претставува најважен културен феномен на современото доба;
- спортот е "естетски елемент";
- спортот е механизам за лична и социјална афирмација;
- спортот претставува простор во кој личностите психички се збогатуваат, на тој начин што претставува реакција на досадата и монотонијата (во процесот на работа или во процесот на учење);
- спортот е механизам за групна идентификација;
- спортот претставува механизам на исполнување на заедништво;
- спортот е област во која се манифестира посебниот стил на младите;
- спортот е област каде што се манифестира односот помеѓу *спонатаното* и *организираното*;
- спортот претставува механизам на апсорбирање и трошење на вишокот на собраната енергија – спречува стресови;
- спортот е култура на телото, индивидуалната енергија и екипниот дух;
- спортот претставува средство за преовладување над комплексот за помала вредност;

- спортот е област за компензација – особено кај личности кои имаат недоволно интригирана и стабилна личност и карактер;

-спортот е средство за воспоставување на меѓучовечки однос кој не е наметнат или оттуѓен – преку спортот како нешто заедничко луѓето успешно воспоставуваат меѓусебни, интерперсонални, пријателски интеракции, врски и односи и сл.

Од друга страна пак, како негативни ставови поврзани со спортот, може да се набројат:

- област на висок ризик;
- безначаен и тривијален;
- област за трибализација на навивачкиот свет;
- област на милитаризација на навивачкото поведение (милитаризација на агресијата и насилството, хистерија и споулавеност, ирационални компетиции и иживување и сл.);
- област на која се изразува спротивставениот нагон;
- област каде што се манифестира арамискиот инстикт;
- не е игра, ниту медиум за развој на колективен дух, комуникација и потреба од други, туку средство за постигнување на профит, материјални добра и социјален статус;
- капиталистички деформиран облик на игра или сурогат на играта, тој е оттуѓен, како што и е и самиот живот – дел од "индустријата за забава" и "индустриската свест";
- област за манипулација со "слободното време", кое е "дадено", "наметнато" и "дозирано" – тој е фактор за контрола на "слободното време", за контрола на однесувањето и фактор за пасивизација на луѓето;
- област каде што се толерира девијантното однесување на луѓето;
- простор за "толерирано насилство", а спортскиот настан е место за "ослободување од напнатоста";
- престанува да биде задоволство, радост, уметност и игра, и се претвора во професија, чиј резултат и победа се нависоки вредности и сл.[16]

Без оглед на позитивните или негативните ставови за спортот, неопходно е да кажеме дека спортот претставува и израз на одредени општествени односи. Спортот во модерното време, денес, многу често

[16]Ковачевиќ Б. (2011) "Друштво, насиље и спорту", Бања Лука

се споредува со спортот од антиката, меѓутоа разликите се огромни, т.е дијаметрално спротивни.

Како израз на современите општествени односи, спортот денес се карактеризира со следниве својства:

- спортот ја губи разонодата и обележјето на игра за оние за кои претставува професија;
- спортот се технизира, бидејќи постанува работа на експертите, без кои ваков спорт би немало;
- спортот се институционализира за да добива светски размери;
- спортот се комерцијализира и постанува "бизнис" професија, профитабилна работа со големи приливи;
- спортот масовно се бирократизира, бидејќи постанува "посебна" област со која раководат одредени "сили" (тела, одбори, комитети и сл.);
- спортот се елитизира (создава "ѕвезди" и "идоли", со кои масата на одреден начин се идентификува);

Спортот е област со висок ризик, со оглед на изразената присутност на агресијата и насилството. Бројни податоци говорат за спортско насилство и жртви.[17]

Како спортот се развивал, така и навивачите кои имале ист објект на навивање се организирале во групи на навивачи и клубови на обожуватели (fanclub). Денес тие се многубројни и добро организирани групи, кои со своето однесување се повеќе претставуваат проблем, посебно навивачкиот хулиганизам. Начини на кои се покажува навивањето можат да бидат:

- Аплауз со помош на рацете (дланките) или посилно со помош на одредени помагала;
- Со глас (свирење, викање, пеење, ...) кои се посебно осмислени за објектот на навивање;
- Со навивачки реквизити (разни дувачки или ударни музички инструменти, транспаренти, знамиња, ...).

Како причина зошто некој станува навивач се посочува забавата, уживањето во гледањето на натпреварот, можноста за дружење, исфрлање на фрустрациите од кои на друго место поединецот можеби неможе да се ослободи. Присуството на спортски натпревар може да предизвика кај поединецот т.н. „позајмена самодоверба".[18]

[17]Вејновиќ Д. (2006) "Социјологија спорта", Бања Лука

[18] Според Анастасовски, И., Стојаноска, Т., Насилство, агресија и спорт, Скопје, 2010

## 1.8.Стадионотзаживуваоднавивачите

Без нив тоа е само еден градежен објект, еден структуиран простор погоден за тренирање. Улогата на стадионот се менува во зависност од структурата и системот на вредности на навивачите. Тоа е едно посебно место, кое во текот на повеќе децении е обликувано во сцена на социолошки појавувања, кои се во постојан развој и со постојани промени:

- Тука навивачите можат да ја пренасочат агресијата против општествени групи, политички сили на еден простор, место каде не се повредуваат важни интереси, но сепак се во можност на социолошки или општествено неприфатлив начин да ја изразат агресијата;

- Преку удирање клоци, дивеење и туркање, потиснатите агресивни емоции и напнатости во секоја личност реално се изживуваат и се спуштаат на веќе лабилно ниво;

- Повремено на терените се појавува и комуникација на меѓународно рамниште, па така стадионот претставува и место за праќање дипломатски пораки. Една нација може да испрати порака до друга или дури до целиот свет, а при тоа да не мора да стравува од потешки дипломатски последици од тоа. Во светот на телевизијата веќе одамна спортот на стадионите не е само спортска приказна (пример со Албанското знаме спуштено со дрон на стадионот Маракана во Белград за време на одигрувањето на меѓународниот фудбалски натпревар од квалификациите за Европското фудбалско првенство 2016 година помеѓу репрезентациите на Република Србија и Република Албанија).

Стадионите имаат свои внатрешни регулаторни принципи, вредности, модели на комуникација и комуникациски правила. Овие навивачи нив ги добиваат готови во определени, свесно или потсвесно одредени сектори и врз основа на таа поделба стануваат дел од актерите на сценариото, кое понатаму како некоја присилувачка сила влијаат врз нивното однесување на стадионот.

## 1.9.Стадионот е место за исполнување на симболизираното насилство

Борбата од една страна се води на теренот, а од друга страна на трибините или кога од таму се истиснати и на просторот околу стадионот. Лицата кои ја сочинуваат толпата во вид „дежурен виновник“, по пат на пренасочена агресија над спротивната група која ја

прогласиле за непријателска или над полицијата, подсвесно ги изживуваат навредите собрани на другите полиња на животот.

Размената на знаменцата од страна на капитените на почетокот на натпреварот значи дека на теренот може да се случи само социјализирана форма на агресијата, целта е витешка борба и немаат намера со сила да го грабнат туѓото знаме, да завладеат над другата страна, сакаат само да победат.

Спротивно на тоа, одземање на шалови и знамиња со логото на тимот од навивачите на едната екипа симболизира дека тој кој повеќе собрал тој е посилен, сака доминација над другиот, да го победи. Овие симболи за време на натпреварот демонстративно се палат во знак на понижување на послабата група.

Понекогаш не можеме да разбереме која е причината за преголемата агресивност на играчите на теренот или на гледачите на трибините. Еден од причинителите е тоа што за време на спортското натпреварување во организмот расте нивото на адреналин и тестостерон, како и на други хормони и се зголемува нивото на активноста во малиот мозок. Од оваа причина, следи зголемената активност на малиот мозок и за помала фрустрација природно се одговара со повисоко ниво на агресивност. Така се намалува свесната контрола над однесувањето. Овој механизам функционира и кај навивачите.

Другиот фактор кој влијае врз зголемување на нивото на агресивноста е дека најчесто неколку саати или ден порано, се случува една фаза на таканаречено иритирање. Ова значи дека личноста некогаш е потценета или можеби и навредувана, што во меѓувреме веќе и заборавила, но под дејствие на настаните и активностите во актуелната ситуација потиснатата импулсивност се активизира и лицето самото без да ја разбере причината, постојано дава агресивни одговори во вид на несоодветни манисфестации.

Еуфоријата по остварена победа е последица на доживувањето на семоќност на власт. Овие навивачи на стадионите ги привлекува жедта за доживување, каде себе си можат да се идентификуваат во ликот на тимот за кој навиваат. Доколку тимот победува, тоа го доживуваат и како сопствена победа, што значи добро доживување на славата. Кога неговиот тим губи, поради идентификацијата и самиот се чувствува губитник, засрамен. Како последица на тоа понекогаш неговата агресија се свртува против тимот, но најчесто сака да се реваншира преку напад на навивачката група на победничкиот тим. И покрај тоа што неговиот тим загубил, тој како навивач не може и нема да го напушти бојното поле победен.

Жедта за доживување има своја голема тежина, бидејќи и во случај да се судри со противничката навивачка група или со полицијата, ќе има што да раскажува на трети лица за тоа какви повреди има здобиено, какво херојско дело има направено, а истовремено за следните една до две недели ќе се ослободи од напнатоста. Така може да се констатира дека и двете страни на крајот завршуват со добивка.

За навивачите на тимот кој загубил, стадионот е упориште за „колективното тагување". Чекорите на овој процес на делување на тагата се следните:

- одбивање, (загуба, пораз);
- соочување
- страв, тага, депресивно расположение (седење на местата повлечени во себе или со плачење);
- бес, лутина, агресија (тоа се агресивните испади во вербална или физичка форма, било против сопствениот тим, било против противничка навивачка група);
- рационализација (здраворазумско резонирање и согледување на факторите кои довеле до пораз, ова е пораз на тимот, а не на навивачите);
- прифаќање (се помириле со настанатата ситуација и се ослободуваат од притисокот на емоциналната напнатост);
- одбирање на нов тим или обновување на врската, приврзувањето со стариот тим;
- простување (целосно прифаќање) и
- благодарност (радост што повторно може да навива).

### 1.10. Спортски настан-фудбалотинавивачите

За поголемиот дел значи спортско доживување и возбуди. Можност да се идентификува со позитивните општествени, спортски и историски содржини претставени преку неговиот тим. Овие содржини можеме и денес да ги детектираме во навредливите слогани кои ги извикуваат навивачките групи за противниците.

Различните навивачки групи тука добиваат можност за формално колективно самоидентификување, во улоги кои инаку во секојдневниот

живот не би можеле да ги добијат. Пример: може да се биде водач и личноста може да ги изживее оние желби кои инаку на другите полиња на живот никако не би можел да ги постигне. На денот на натпреварот може себе си да се доживее поинаку, како да е двојна личност, една за секојдневијата, а друга личност за натпреварите.

Еден дел од насилните фудбалски хулигани, не е во состојба да го разбере комплицираниот свет околу себе, во кој сè е во меѓузависност со сите други работи, а тие не се во состојба да ги согледуваат тие односи на меѓузависност. Затоа за време на натпреварите за себе создаваат еден поедноставен, посогледив свет, со појасни, чисти односи во кој се е јасно и се случува со поголема брзина. Лесно се доаѓа до доживувањето на успех и кога тимот им победува или кога им губи. Потребно е да се направи хаос за да може да се воспостави нов поредок, во кој тие може да се однесуваат по други правила, или едноставно да стекнат такви материјални добивки, како што е не плаќање на влезница, не плаќање пиво во продавницата и сл, а притоа да не се заканува никаква опасност дека ќе бидат откриени. Макар и накратко, можат „да го превртат светот”. Во тој период можат да ја доживеат својата бескрајна моќ, ова е тоа „Ние сме најсилни”, може да ги доживуваат силата, доминацијата и автономијата.

Можат да ги обзнануваат, да ги демонстрираат нивните погледи на светот и политичките определувања.

Карактеристично е групирањето по т.н. локален патриотски идентитет, односно дека сме навивачи на тимот кој доаѓа од таму од каде што сме родени, од градот, населбата, државата каде живееме.

Медиумите добро им служат на насилниците и фудбалските хулигани со ниска самосвест, така што им овозможуваат тие да се појават пред јавноста, а потоа можат на другите да им се фалат дека биле таму, дека победиле или доколку загубат, дека херојски се бореле. Така, во круговите на навивачите кои учествувале во тепачка која се одвивала пред ТВ камерите им расте рејтингот. Добар пример за порастот на престижот е кога водачите на навивачките групи бараат од раководството на клубот да им се обезбеди присуство на делот на трибините кој е покриен со снимањето од ТВ камерите.

Благодарение на едностраното прикажување на настаните од страна на медиумите, нереално се презентираат и интервенциите. Мала е вредноста и долготрајноста на веста дека полицијата при интервенцијата правилено настапила, а веројатно може долго и многу да се полемизира околу постапките на полицијата, кои навидум се однесуваат на прекумерната употреба на сила.

### 1.11. Спортскиотнастанихулиганизмот

Самиот натпревар и просторот каде се случува им дава можност за фокусирање и на таквите типови, кои имаат потреба од учество во толпа за да им овозможи прикриеност и со нејзиното камуфлирачко функционирање да им овозожи извршување на насилни дејствија и нарушување на јавниот ред и мир.[19]

Мал е бројот на јавните настани на кои се собираат голем број на луѓе, кои се ограничени на тесен простор и каде луѓето се збиени и се во физички контакт еден со друг. Пример: притиснати во еден ограден сектор, подземен премин, одделени со полициски кордон. На насилничкото однеување му погодува разделувањето на спротивните навивачки групи, а со тоа и нивно поларизирање. Доколку во една толпа не постојат барем два пола, таму не може да дојде до судири, односно доколку не се збиени тие што му припаѓаат на истиот пол, тие нема да се чувствуваат толку многу силни. Веројатно оваа појава ја забележуваме во моментите кога полицијата масата ја собираат во одреден простор или ја разделуваат. Колку што е на помал простор збиена една навивачка група или колку е помало растојанието помеѓу поларизираните навивачки групи, така расте и внатрешниот притисок во масата, толку повеќе има „барут во бурето". Просто им се урива внатрешната интимна зона на навивачите, што пак доведува до појава на агресија. На стадионите се одвива борба за освојување на простор, бидејќи тие што се склони кон насилничко однесување, имаат потреба од тоа да бидат еден до друг и така меѓусебно да се засилуваат т.е организираат. Натамошното освојувањето на просторот се случува во почетокот со глас, со скандирање, со пиротехнички средства, транспаренти, а подоцна со влегување на терен или излегување од нивниот простор и освојување на делови од соседните трибини. Всушност се случува војна за територијата „овој простор е наш"!

Обидите за изолирање на радикалните групи не го решаваат проблемот на фудбалскиот хулиганизам, бидејќи им е овозможена поларизацијата, организирањето и освојувањето на просторот.

---

[19]Анализирано според Brimson, D., Tajne nogometnog huliganizma, Celeber, Zagreb, 2006

### 1.12. Хулиганизам

Хулиганизмот, во теоретска смисла, се дефинира како однесување кое ги крши правилата на општествените норми, бонтонот, законите, а и воопшто претставува општествено деструктивно однесување.

Самиот термин “хулиганизам“ потекнува според ирско презиме Hooligan, а некаде се јавува и Houlihan. Современиот хулиганизам се појавува некаде на крајот од 19-от век во Велика Британија и на почетокот бил термин кој го опишувал општествено деструктивното однесување, како и начинот на животна уличните банди и поединците. Така и денес, овој термин е прифатен и го објаснува однесувањето на одредени поединци или групи на луѓе кои со своето деструктивно однесување не се вклопуваат во воспоставените текови на општеството и секако законите и правните прописи, како и вандализирањето на својата околина.

Овој вид на однесување, најчесто се препишува на навивачките групи од различни спортови, најчесто екипни, како на пример фудбалот, кошарката, ракометот, рагбито и сл.

Иако хулиганизмот, воглавно се препишува на модерниот фудбал, вакви пресметки и судири се случувале и во античкото доба, каде гледачите и навивачите на ривалските групи, меѓусебно започнувале физичка пресметка со дрва, камења и други предмети кои биле затекнати во тие моменти, при што целата арена ја рушеле, а пресметката се префрлувала и на улиците. Пресметките траеле и повеќе дена, најчесто имало и голем број на жртви, а се случувало во повеќе случаи како продукт на тоа и одредени делови од градовите да бидат и запалени. Понатаму, историјата говори и за инциденти во руралните делови од средновековна Франција, каде за време на еден турнир во лов и риболов, дошло до физичка пресметка на гледачите во која животот го загубиле дури 3000 лица.

Од погоре споменатите примери можеме да согледаме дека хулиганизмот постоел и постои уште од раните човекови заедници, па затоа и од многу порано бил предмет на интерес на научната јавност. Често се водени дискусии и научни форуми за тоа кои се факторите кои го предизвикуваат ова насилничко однесување, и уште поважно како да се спречи.бласта во светот каде се извршуваат или пак за какво натпреварување се работи.

На ова поле, професорот Јанковиќ се обидел да ги детектира факторите кои влијаат за појавата на хулиганизмот и кои се повторуваат без оглед на местото каде се случува настанот.

Како главни фактори ги издвојува карактеристиките на спортскиот објект и карактеристиките на настанот кој се одржва.

Во групата на карактеристики на спортскиот објект се вбројуваат:

- оддалеченоста на учесниците на спортскиот настан – далеку е поголема веројатноста дека можноста да се дојде до насилство постои кога физичката оддалеченост е помала при што се дава можност навивачите да влезат на теренот и да се обидат да се пресметаат со судијата, играчите, навивачите на спортскиот табор и сл.;

- нивото на бучавата или галамата – многубројни истражувања покажале дека на местата каде што бучавата или галамата се екстремно високи ја зголемуваат агресивноста помеѓу луѓето. Тоа подразбира дека многу е голема веројатноста да дојде до насилство на местата каде што нивото на бучноста е доста високо како на пример во одредени спортски сали, или на местата на стадионите кои што се поблиску до системот за озвучување;

- распоредот на седиштата – доколку на спортскиот објект седиштата се нумерирани постои помала веројатност од насилство, за разлика од спортските објекти каде што нема нумерирање при што е отворена можноста за поголема мобилност на гледачите, втурнување на поголема група на помал простор и сл. Празниот простор, без седишта најчесто овозможува насилствата да почнат оттаму па да се префрлат на теренот. Треба да се истакне и дека, нумерирањето на седиштата, не е гарант дека нема да дојде до насилство или пак, доколку дојде до тоа, седиштата се користат како предмети или оружје во пресметката на хулиганите и;

- температурата – општо познат факт е дека постои взаемна врска помеѓу зголемената температура и агресивното однесување на спортските објекти. Како се зголемува температурата на еден спортски објект, така се зголемува и веројатноста за насилство. Кога е во прашање пак, ладното време, тогаш навивачите најчесто конзумираат повеќе алкохол со оправдувањето дека “се загреваат“ при што се зголемува и можноста за агресивно однесување. Според ова, затворените спортски објекти имаат мала предност во однос на отворените, бидејќи можноста за регулирање на внатрешната температура е поголема со цел да се избегнат екстремни температури.

Според тоа пак, кои се карактеристиките на спортскиот настан, како фактори кои допринесуваат за насилство се вбројуваат:

- структурата на навивачките групи – не е исто дали на одреден спортски настан има повеќе припадници од машкиот пол или женскиот, бидејќи веројатноста да дојде до агресија и насилство се зголемува доколку има поголем број на припадници од машкиот пол, особено кај помладите генерации кај кои поттикнувањето и генерирањето на насилството е многу полесно. Исто така, помала е веројатноста за појава на насилство доколку на спортскиот настан нема навивачи од спротивната страна;

- важноста на настанот – истражувањата покажале дека колку е поголема важноста на спортскиот настан, толку е поголема веројатноста од зголемена агресивност од страна на навивачите. На пример, одредена важна победа може да допринесе ккон агресивно однесување или уништување на имот за време на славењето на победата, иако тоа не е чест случај, додека пак, незадоволството многу брзо може да прерасне во агресија доколку навивачите се незадоволни од екипата која ја поддржуваат;

- квалитетот на играта – секој навивач доаѓа на спортскиот настан со цел да ги проследи учесниците како прикажуваат одреден квалитет на игра. Доколку нивните очекувања не се во полза на тимот кој го поддржуваат, тогаш расте незадоволството кај навивачите, кое пак се изразува преку свирежи, фрлање на најразлични предмети на теренот, а во поекстремни случаи доаѓа и до физичка пресметка со играчите или судиите и;

- достапноста на алкохолот – општо е познато дека алкохолот влијае на расудувањето и пресметливоста на човекот. На голем број на спортски натпреварувања во светот, а секако и кај нас, продажбата на алкохол во спортските објекти е забранета на сите приоди кај објектот неколку часа пред почетокот на настанот, за време на настанот и по неговото завршување.

Сепак, како најважен предуслов кој продуцира насилство и хулиганизам е самата структура на навивачката група. Треба да се знае дека секој хулиган е навивач, но не секој навивач е хулиган.

Навивачките групи по својата структура се релативно стабилни колективни формации во кој постои одреден систем на вредности, свест за групна припадност, каде што постојат норми кои ги утврдуваат

улогите на членовите, воспотавените облици на однесување и др. Во поглед на внатрешната структура на навивачките групи, може да се каже дека функционираат на систем на одредена хиерархија која се воспоставува на темелите на навивачкото искуство и интензитетот во делувањето за време на групните активности. Сепак се претпоставува дека оваа хиерархија има лабав карактер, освен ако не е конкретно усмерена за задоволување на одредени потреби и интереси на припадниците на групата. Односот помеѓу припадниците во навивачката група е неформален однос со висок степен на почит на членовите помеѓу себе. Различната мотивација битно влијае на самите обележја во однесувањето на навивачите како дел од навивачката група.

Како дел од спроведени истражувања и следење на однесување на навивачите, некои автори имаат направено одредена поделба на навивачите внатре во навивачките групи:

- навивач – навивач – негова основна мотивација е само навивањето, т.е. создавање на атмосфера на стадионот, како израз на своето чуство на приврзаност и оддаденост кон клубот, како и помош на клубот во неговите напори да постигне што подобри резултати. Овој тип на навивач го сваќа клубот како свој град, своја регија. Неговото внимание е насочено кон смислување на песни, слогани, припрема на транспаренти, знамиња и друга опрема. Воглавно не се сложува со политиката во фудбалот и смета дека тоа е штетно за самото навивање. Смета дека интересите на клубот никако не смеат да дојдат во судир со интересите на навивачката група, бидејќи смета дека доколку самиот клуб постигнува подобри резултати, на тој начин и самата навивачка група, подобро ќе се афирмира. Во насилството се приклучува повремено и само во случаи кога мисли дека неговата екипа за која навива е оштетена во одреден натпревар;
- навивач во тренд (мода) – делува во активностите на навивачката група за да биде во трендот на навивање. Настојува да се вклопи во групата која ја идеализира и се обидува да се афирмира помеѓу врсниците. Учествува во насилството како составен дел од групата, иако лично не е претерано агресивен. Меѓу ваквите навивачи има доста такви кои консумираат алкохол и полесни видови на дрога за да се доживеат како составен сегмент од навивачкиот тренд;
- навивач – насилник – спортските настани за него се место каде што ја покажува својата агресивност. Стадионот и градските улиги ги доживува како амбиент за насилничко поведение и празнење на својата енергија, со оглед на тоа дека е скриен во

масата (често под влијание на алкохол и дрога) може да создава нереди бидејќи битно е намалена можноста тој да биде казнет. Смета дека со иницирање на насилство тој ја зајакнува својата афирмација во групата и помеѓу врсниците и често се фали за својот "успех". Покрај тепачките, разбивањето, вербалните инциденти, склон е и кон кражби и други облици на девијантно однесување. Најчесто, овој тип на навивачи може да се најде меѓу младите кои живеат во неповолни материјални, семејни или други услови, отколку кај младите со стабилна животна ситуација;

- навивач – политички активист – според мислењата, овој тип на навивачи ја користи навивачката група само за промоција на неговите политички определувања. Самиот спортски настан за него е доволна рамка за истакнување на политички ставови, пред се, поради масовниот аудиториум, како и поради атмосферата во која може да се шират тие ставови. На натпреварите најчесто носи националистички знамиња и други партиски обележја, форсира пеење и скандирање со политичка конотација. Исто така, насилничкото однесување во учеството на хулигански акти го превзема исклучиво од ектремни политички мотиви;
- навивач – почетник – редовно е млад адолесцент, го привелкува возбудата и вкупната атмосфера на стадионите и другите места каде што се појавуваат навивачките групи. Ја идеализира навивачката група и нејзините важни членови. Го следи обликот на однесување на мнозинството припадници на групата и без поговор ги слуша нивните наредби. Во насилни случаи се вклучува само во масовни нереди, инаку, најчесто стои на страна и набљудува. Сеуште нема дефинирана улога во активностите на навивачката група. Често покажува посебна смелост во нередите и другите насилнички случувања, како би на тој начин може да покаже дека сака да стане полноправен член на навивачката група.[20]

Понатаму, во навивачките групи, како што е погоре наведено, функционира одредена хиерархија, но не во класичното значење на тој поим.

Основни нивоа на хиерархија на навивачките групи се:

- водството (народно кажано, на навивачки јазик, воџите) – водството го сочинуваат неколку возрасни и искусни навивачи. Тие навивачи се најверојатно најактивните и најугледните

[20] Вејнович Д. (2011) "Насиље у спорту као сегмент насиља у друштву са тежиштем на навијачке групе", Бања Лука, стр. 25

членови на групата кои и најмногу се ангажираат во активностите на групата. Тие најчесто ги организираат навивачките патувања, најмногу се грижат за набавувањето на навивачки реквизити (транспаренти, знамиња, тапани), редовно закажуваат и водат состаноци на групата и сл. Може да се констатира дека навивачката група на стадионот почнува да функционира, дури тогаш кога водачот ќе почне да ја исполнува својата должност. Исто така, битно е да се истакне дека членовите на водството се во контакт со управата на клубот, раководителите во полиција и со сите останати битни фактори, со оглед на тоа дека една од нивните клучни должности е да ја претставуваат групата во јавноста;

- јадро – припадниците на јадрото на групата колективно навиваат на секој натпревар на својот клуб на домашен терен, често одат и на гостувањата, присуствуваат на состаноците на групата, помагаат во набавувањето на навивачки помагала и сл. Многу од нив се склони на насилничко однесување. Исто така, во склоп на јадрото делува и дузина на исклучително ангажирани навивачи, кои делуваат како своевидни двигатели во групата и ја претставуваат врската помеѓу водството на групата и остатокот од јадрото на навивачката група;
- членови – симпатизери – овие навивачи повремено доаѓаат на натпреварите на домашен терен и понекогаш патуваат на гостувањата, но без учество во припремите на навивачките активности. Голем дел од членовите – симпатизери се однесуваат во согласност со навивачкиот стил на групата, што е посебно видливо според начинот на облекување и високиот степен на познавање на навивачките ритуали. Нивното однесување, важно ја одредува атрактивноста на спортскиот настан како од аспект на самата игра, така и во оној дел кој тие го обликуваат како дел од навивачката група и навивањето.

Однесувањето на хулиганите, поконкретно науката го објаснува со психологијата на масата.Масата се карактеризира со исклучителна бројност, хетерогеност и колективизам. Во масата секој член се идентификува со групата и објектвно го губи својот став. Се инсистира на колективната волја, бидејќи масата е инфериорна во однос на изолираната иднивидуа. Кога говориме за постапките кои ги дефинираат луѓето кои се дел од масата треба да се каже дека масата лесно реагира на душевните движења и секогаш покажува слаба моќ на расудување. Од криминалистички аспект треба да се знае и следново:

- масата секогаш сака да расте;

- внатре во масата владее еднаквост;
- масата сака збиеност и
- на масата не и е потребно насочување.

Важен сегмент во дејствувањето на масата е емоционалното возбудување кое се јавува меѓу членовите на масата. Емоционалното возбудување ја зголемува храброста кај секој поединец во масата и ја намалува способноста за критичко и самокритичко мислење. Вештите лидери и водители на масите со цел да ја зголемат "емоционалната температура" во масата се служат со пеење на жални, борбени, патриотски и религиозни песни, извикуваат пароли или имиња. Целта на ова е да се намали вредноста на објектите или институциите кон кои е насочена масата, а да се зголеми нивото на позитивизам кон обејктите или институциите кон кои масата е позитивно настроена. Ваквата маса, поттикната и потпомогната со пиротехнички материјали, алкохол и дрога, може да биде многу опасна и тешка за контролирање.

Впрочем, од досегашното практично искуство со хулиганизмот во нашата земја може да се посочи дека за да се создадат услови за хулиганизам, пред се, треба да има одреден спортски настан. Сите учесници во ваквите настани, претходно не се собираат своеволно, но кога има важен настан тие организирани и со изразен степен на заедништво пристапувааат кон настанот. Најчесто се поттикнати и стимулирани од страна на нивниот лидер – личност кој ужива огромен авторитет, а воедно претставува и идол на помладите генерации и веројатноста за докажување или искажување на револтот изразена преку вакви општествено – деструктивни постапувања се зголемува. Забележани се и случаи на групно и физичко насилство, хулиганизам и вандализам и на демонстрации, партиски митинзи и сл. кое најчесто има политичка позадина и се карактеризира со верски, националистички или политички насочени елементи, но сепак, воглавно хулиганизмот во нашата земја, во најголем број на случаи се појавува за време или по одреден спортски настан.

## 1.13. Модели на проценка на опасностите од немири на настаните

За време на собирите на кои се јавува групно насилство или хулиганизам, иако е потребно брзо полициско реагирање за да се спречи физичкото пресметување или уништување на јавниот имот, потребно е секогаш, па дури и набрзина да се процени ситуацијата со цел да се одреди вистинската тактика за моментот кога да се постапи, на кој начин и како. Во таквата проценка, што треба да биде карактеристична

за секој конкретен случај на хулиганизам или насилство, треба да се имаат во предвид неколку ситуациони елементи:

- број на учесници во судирот и кој од нив посебно се истакнува со својата агресивност;
- можни мотиви и намери на нарушителите;
- жртви на нападот;
- средства подобни за напад со кои што располагаат нарушителите и оние кои им се на дофат;
- простор на кој се случува пресметката, а во врска со тоа и можности за засолнување, криење, бегање и др;
- дали нарушителите се под дејство на алкохол или друго замајно средство (при што расудувањето се намалува, а храброста се зголемува);
- број на присутни граѓани, нивното однесување и расположение, а особено дали се солидаризираат со прекршителите или може да се смета на нивна поддршка и помош;
- проценка за сопствените можности за интервенција, а во врска со тоа дали е потребно и можно претходно да се побара зајакнување и помош.[21]

При ваквите судири и постапувања, полициските службеници мора до крај да ја сочуваат ладнокрвноста и смиреноста и да се придржуваат кон добиените наредби и упатства. Не смеат да дозволат да бидат испровоцирани и со непотребни грубости да ја предизвикаат вознемирената маса. Многу е важно, уште на почетокот да ги детектираат прекршителите и да вршат дискриминација со останатите посетители на настанот, кој не учествуваат во насилството или нередите, а може да станат потенцијални жртви, при што благовремено да обезбедат простор од каде што би ги одвоиле и заштитиле доколку е тоа потребно.

Лидерите и провокаторите треба уште на почетокот на масовното собирање да бидат идентификувани и изолирани, а ако тоа не е возможно, правовремено да бидат воочени во масата, да се влијае врз нив да престанат со предизвикување на неред или во погоден момент да се издвојат, ако таа мерка во дадената ситуација е нужна, можна и целисходна, за што одлучува надлежниот полициски раководител.[22]

Странските искуства укажуваат и на воспоставена тактика на офицери за врска на полицијата, познати како “spotters”, чија главна задача и цел е да го следат движењето на лидерите на одредена

[21]Стојановски Т. (1997), “Полицијата во демократското општество“, 2-ри Август – С, Штип

[22]Стојановски Т., “Полицијата во демократското општество“, општ цитат

навивачка група, нивното однесување, во секое време, а не само за спортските настани, при што се добиваат корисни информации за можните идни нереди и судири, при што поефикасно може да се работи на планот на криминалистичката превенција.

Од овој аспект, важно е да се спомене и дека, хулиганизмот како дело, е дело кое сторителите го вршат со умисла. Маскирани во клупските бои, со впечатливи и исти симболи, со дуксери и предмети (шалови, фантомки) го прикриваат својот лик, со цел да бидат потешко препознатливи и тешко идентификувани од страна на органите на прогонот при вршењето на делото.

Едно од најважните криминолошки прашања е прашањето за тоа кои се причините кои предизвикуваат насилство, а со тоа и насилство на спортските манифестации. Сепак, треба да се напомене дека насилството на спортските манифестации не го предизвикуваат само навивачите и навивачките групи, туку и играчите, судиите, тренерите, профитот кој се остварува при победа и мотивите за победа.[23] Исто така, постојат и многу различни фактори кои предизвикуваат насилство во спортот, а се дел од урбаната средина.

Според спроведени истражувања, најчести причинители на насилство на спортските манифестации се:

- нетрпеливост кон навивачите на противничкиот клуб 30%
- лошо обезбедување 26%
- лоши резултати на екипата 25%
- алкохолизираност и конзумирање на алкохол 10% и
- неспортско однесување на играчите 9%[24]

Покрај тоа, како причинители за насилство не треба да се исклучат ниту мас–медиумите, како дел од причинителите за моделирање на насилство. Некои медиуми, пресудно имаат допринесено за развој на насилството преку филмовите и телевизијата, бидејќи имаат образец на презастапено насилство кое го емитуваат, а тоа публиката го усвојува уште пред одредени искуства да се искусат во животот – тука особено се потенцира влијанието на насилството кое се прикажува на телевизијата и филмовите врз децата и малолетниците. Ваквите медиуми создаваат публика која не само што несвесно очекува, туку и свесно посакува да се случи некое насилство, дури и на места каде што тоа не би требало да го има (како пример се наведуваат тениските мечеви во последните години, поточно начинот на

---

[23]Шикман М. (2011) "Облици испољавања насилног понашања на спортским манифестацијама – криминолошки осврт", Бања Лука
[24] Вејновиќ Д. (2001) "Друштвено окружење и насиље у спорту", Удружење дефендолога, Бања Лука

добацување и искажување на незадоволство со одлуките на судиите). Малолетниците денес, преку телевизијата и медиумите се запознаваат со агресијата и насилството, многу порано пред тоа да го почувствуваат преку играта со своите врсници. Исто така и средствата за масовна комуникација кои вршат пренос на спортските натпревари делумно играат улога, бидејќи го пренесуваат однесувањето на учесниците, водејќи се од фактот дека спортистите (а и самите навивачи), различно се однесуваат кога знаат дека снимани додека настапуваат.

Понатаму, облиците на насилство според законската инкриминација, кои се јавуваат на нашите простори, можеме да ги класифицираме во неколку категории:

- физички напад врз учесниците на спортската манифестација;
- физичка пресметка помеѓу учесниците на спортската манифестација;
- фрлање на предмети на теренот или трибините кои можат да го загрозат животот на учесниците на спортскиот настан, физичкиот интегритет на лицата или имотот;
- предизвикување на нереди за време на доаѓање кон спортскиот објект, односно при напуштање на истиот, пореметување на текот на спорскиот настан или загрозување на безбедноста на учесниците на спортскиот настан или трети лица;
- оштетување на спортскиот објект, опремата, уредите и инсталацијата на објектот во кој се одржува настанот;
- неовластено навлегување на спортскиот терен, во службените простории и службените пролази на спортскиот објект каде што се одржува спортскиот настан, како и во делот кој е предвид за противничките навивачи;
- внесување и употреба на алкохол и други опојни средства во спортскиот објект;
- внесување и користење на пиротехнички средства и други предмети во спортскиот објект, со кои може да се загрози безбедноста на учесниците на спортскиот настан, како и безбедноста на присутните во спортскиот објект, или со кои може да се загрози текот на самиот спортски настан.[25]

Секако, треба и да укажеме дека ова не е целосна или затворена класификација на облиците на насилство на спортските терени. Ваквото однесување зависи и од други околности, а за жал, некогаш може да

[25] Шикман М., споменат труд, стр. 113

донесе и до извршување на најтешки кривични дела како што се кривичното дело – убиство, или нанесување на тешка телесна повреда.

### 1.14. Нарушителите на спортски натпревари

Нарушувањата на спортските терени, а особено последиците од тие нарушувања биле повод овој општествено – деструктивен феномен да биде истражуван од медицински, психолошки и социолошки аспект. Меѓутоа без некое посебно значење за полицијата и нејзиното практично постапување. Така на пример, една психолошка анализа на Универзитетот во Бремен, Германија, ја прави следната класификација:

- тип А – доаѓа на натпревар поради самата игра, учествува во тепачки спонтано;
- тип Б – играта му дава можност да се "издува";
- тип Ц – однесувањето му е условено од незадоволството поради безнадежните социјални односи или желбата да ја брани националната чест (пример – Јужна Америка);
- тип Д – основна причина е паниката[26].

Полицијата за нарушителите на спортските натпревари има поинаква класификација: а) тврдо јадро и б) војска на следбеници.[27]

Според оваа класификација, тврдото јадро го сочинуваат организаторите и духовните водачи на групата кои им даваат белег на настаните на спортскиот објект, како во него, така и надвор од него. Јадрото го сочинуваат 30 – 50 лица кои се сметаат за одбрани да се грижат за интересите на клубот, што не е секогаш точно. Скоро секогаш, полицијата за нив располага со сознанија или докази, дека претходно биле кривично или прекршочно гонети за имотни или насилни деликти и сл. Најчесто, самите тие потекнуваат од семејства каде што и кон нивните родители биле превземани и изрекувани казнени мерки.

Според истата класификација, "војската на следбеници" треба да се лоцираат во друга социјална средина. Најчесто доаѓаат од средени семејства. Степенот на нивниот морал и однесување е идентичен како и кај претходната група. Тие се идентификуваат со "тврдото јадро" и го прифаќаат начинот и стилот на однесување, облекување, скандирање, учествуваат во создавање на имиња, песни и симболи, како "имиџ" на

[26]во Глазгов, 1971 година, при крајот на натпреварот гледачите веќе почнале да си одат, но тогаш бил постигнат уште еден гол, поради кој во паниката што ги зафатила гледачите, додека се туркале назад кон игралиштето, биле прегазени и усмртени 66 лица, а повеќе од 140 повредени.

[27] Исто дело, стр, 17-18

групата на која и припаѓаат. Својата приврзаност ја искажуваат со следење на клубот и неговите настапи, на гостувањата во земјата и во странство, од што зависи и нивниот рејтинг во хиерархијата на групата.

### 1.15. Ризици и меркиза намалување на насилството

Секој спортски натпревар, со себе носи и фактори на ризик кои се поврзани со безбедносната организација на самиот натпревар. Факторите на ризик можат да се поделат на статични и динамични. Во статичните фактори на ризик ги вбројуваме конструкцијата на стадионот и градежната состојба на игралишниот простор и приодните сообраќајници во градот, додека во динамичните фактори ги вбројуваме нивото и значењето на натпреварот, бројот на навивачите кои се очекува да присуствуваат, степенот на нивната култура и организација, како и други сознанија во врска со натпреварот добиени непосредно пред неговото започнување или за време на неговото одржување и потоа.[28] Наведените фактори, вклучувајќи го и факторот со какви сили и степен на организација во обезбедувањето ќе учествува и организаторот, директно влијаат врз утврдувањето на проценката на ризик, како и потребата од полицајци, техника, средства, обезбедувачи и сл.

По секое добиено писмено известување од организаторот на спортскиот натпревар, полицијата не донесува никаков формален акт (пример – решение за одобрување или одложување на натпревар). Како служба задолжена за јавниот ред и мир во државата, таа е должна да го проучи барањето и врз основа на истото да направи проценка на безбедносната состојба. Ваквата проценка, од полициски аспект значи сликовите предочување на безбедносната појава, утврдување на безбедносната состојба, лоцирање на потенцијалните проблеми и подготовка за престојниот натпревар. Во процесот на проценување посебно внимание треба да се посвети на следните содржини:

- задачата на полицијата и целта што сака да ја постигне;
- природата, карактерот и значењето на натпреварот (под оваа содржина треба да се имаат во предвид сите значајни околности како на пример: сознанија за бројот на навивачите, нивниот состав, мотивација, тактичка извежбаност, мобилност, опременост, вооружување, намерите на поединци или групи, како и влијание на некој инцидент или хаварија врз вкупната состојба);

[28] Стојановски Т. (1994) “Ревија Безбедност“, МВР, Скопје

- правото и законот кои на полицијата, како претставник на извршната власт, и ги утврдуваат надлежностите и овластувањата;
- полициските сили и другите сили вклучени во обезбедувањето;
- просторот;
- времето;
- климатските услови и
- можности за донесување на одлуки.[29]

## 1.16. Улогата на МВР и полициските сили кон насилството на спортските натпревари

Сите активности на полицијата пред почетокот на натпреварот може да се поделат на два дела: активности превземени пред одржување на пријавениот настан и надвор од стадионот и активностите кои ќе бидат превземени на стадионот и во неговата непосредна близина.

Во првиот корпус активности спаѓаат:

- прибирање на информации за навивачките групи- информациите за навивачките групи се добиваат пред одржување на спортскиот натпревар, најчесто попретходно одржан состанок во Секторот за внатрешни работи (СВР) на чие подрачје се одржува натпреварот на кој присуствуваат: претставници од СВР, од ЕБР, од агенцијата за обезбедување која е ангажирана и претставници на клубовите. На состанокот се добиваат информации кои може да бидат делумни и нецелосни и врз основа на нив се изготвува барањето од СВР до ЕБР за нивното ангажирање. Прибирањето на информации ЕБР може да ги дополни и преку информации добиени од навивачките групи.

- засилена контрола на граничните премини, во железничкиот и патниот сообраќај, а заради идентификување на ризичните групи;
- отворена контрола и надзор врз навивачите од моментот на пристигнување во градот па се до нивното испраќање и заминување. Прифаќање на навивачките каравани и нивно водење под придружба. Кога однесувањето на навивачите ќе поприми елементи на насилство, на што битно влијае

[29] Наведено според: Стојановски Т., “Ревија Безбедност“, стр. 130 - 131

нивната алкохолизирана состојба, во некои европски земји, е дозволена и употреба на полициската коњаница, бидејќи е нарушен јавниот ред и мир, настапува ситуација во која можат да настрадаат или да бидат повредени недолжни граѓани, а токму полицијата е повикана за заштита на овие вредности;

- придружба на играчите, судиите и другите службени лица
- планирање на обезбедувањето-каде, со колку припадници, како ќе изврши обезбедувањето и друго, во основа се врши поделба на задачите во зависност од планот за целокупното обезбедување на настанот. Се одредува колку припадници ќе ги прифатат навивачките групи, по која релација ќе се движат до стадионот и сл. Се одредува колку припадници ќе бидат поставени на влезовите во стадионот, дали ќе бидат сместени на самите трибини, или ќе бидат ставени во приправна состојба на блоковите од трибините и сл. Се одредува дали водичите на службени кучиња (ВСК) ќе патролираат надвор од стадионот и дали по влегувањето на навивачите на трибините ќе има потреба ВСК да патролираат и по атлетските патеки на теренот. Стадионот се дели на сектори и за секој сектор се одредува одговорен старешина. Секој сектор се дели потоа на подсектори. Просторот надвор околу стадионот исто така се дели на сектори и подсектори. На колку подсектори ќе се подели еден сектор, зависи од бројот на публика и големината на трибината.

Вториот корпус го сочинуваат следните активности:

- полициските службеници се распоредени однапред на утврдени позиции околу стадионот, пред доаѓањето на првите посетители. На тој начин тие имаат можност правовремено да ги осознаваат ризичните групи, заради остварување соодветна контрола врз нив;
- укажување на помош на службата за одржување на редот при контрола на влезовите. За време на натпревари кога се превземаат најсилни мерки за безбедност, контролата над посетителите (преглед и претсрес) ја превзема полицијата;
- видно присуство на униформирани полицајци на стадионот;
- прикриена подготвеност на специјалните единици под опрема;
- потребен број на оперативни работници (криминалисти) распоредени на трибините, меѓу навивачите, со задача да

ја контролираат секоја група која манифестира индиции дека стимулира или ќе предизвика неред, нарушување или инцидент;

- документирање на состојбите на трибините и на теренот од безбедносен аспект (видео – снимки, фотографирање, магентофонски снимки);
- да се обезбеди континуиран контакт со организаторот и спикерот на стадионот;
- потребен број на работници на полицијата распоредени околу самиот терен со задача да го одржуваат редот и мирот, но и подготвени да интервенираат на теренот, доколку се исполнети условите за тоа;
- формацијата полицајци во резерва ќе се употреби во која било фаза од обезбедувањето кога е потребно засилување на некои полициски групи, а особено кога нарушувањето на редот и мирот е со тенденција да ескалира.

Покрај активностите кои ги превзема полицијата за превенција и контрола на насилството и хулиганизмот на спортските терени, треба да се земе во предвид и техничката страна на овој репресивно – превентивен сублимат.

Тоа значи дека покрај човечките ресурси, во работата се вклучува и техника и материјални добра. Вкупниот број на работници кои се предвидени со планот не ја дава вистинската слика за состојбата на ангажираноста на полицијата на ова поле, бидејќи мерките кои се превземаат, географски се протегаат многу подалеку од местото на спортскиот настан и многу порано пред почетокот на натпреварот.

Улогата на полицијата како државна институција, пред се треба да биде во функција на локалната заедница и општеството. Затоа треба да се прават анализа и да се истражува начинот на работа, за тоа колку чинат сеопфатните активности кои ги нуди и извршува и колкав е нејзиниот *cost benefit*.[30]

[30] Стојановски Т. (1994) "Ревија Безбедност", МВР, Скопје, стр. 133

# ***ВТОР ДЕЛ***

# УЛОГАТА НА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА БЕЗБЕДНО ОДВИВАЊЕ НА СПОРТСКИ НАСТАНИ, ЈАВНИ СОБИРИ И МАНИФЕСТАЦИИ

## 2.1. Овластување на Агенциите за приватно обезбедување да даваат услуги за обезбедување на, собири, јавни настани и спортски натпревари

Агенциите за приватно обезбедување согласно Законот за приватно обезбедување[31] имаат законска можност да обезбедуваат јавни собири, спортски натпревари и манифестации. Тоа право е дадено на агенциите кои пружаат услуги. Согласно поимно категоријалниот апарат во законот „Обезбедување на јавни собири и на други настани“ е физичко обезбедување со работници за приватно обезбедување и со употреба на технички средства заради одржување на јавниот ред на јавни собири, спортски натпревари, културни, забавни, верски, хуманитарни, социјални, политички, економски и други настани.

Законот за приватно обезбедување ваквата активност ја нормирал и предвидува Правно лице кое врши приватно обезбедување во вид на давање на услуги може да врши работи на одржување на јавниот ред на јавни собири, спортски натпревари, културни, забавни, верски, хуманитарни, социјални, политички, економски и други настани со работници за обезбедување и со употреба на технички средства и уреди во согласност со прописите за јавни собири и спречување на насилство на спортски натпревари. Работниците за обезбедување носат работна облека и имаат на себе елеци со светлоодбојни ленти на кои има натпис „Обезбедување“. Во текот на вршењето на работите на одржување на јавниот ред работниците за обезбедување не смеат да регулираат сообраќај. Работите работниците за обезбедување ги вршат без огнено оружје.

Кога правното лице го одржува јавниот ред на јавен собир, односно настан и за таа потреба ангажира повеќе од петмина работници за обезбедување, одговорното лице во правното лице е должно да

---

[31] Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/12), Законот за изменување и дополнување на Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 164/13), Законот за изменување и дополнување на Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/15), Законот за изменување и дополнување на Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/15), Законот за изменување и дополнување на Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/16) и Закон за изменување на Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20)

изработи план за обезбедување на настанот што го доставува до Министерството за внатрешни работи, на подрачјето каде што се одржува јавниот собир, односно настанот, најдоцна 48 часа пред одржувањето на собирот, односно настанот.

Планотморадасодржи:

- место и време на одржување на јавниот собир, односно настанот што се обезбедува;
- број и распоред на ангажираните работници за обезбедување;
- податоци за лицето кое ќе раководи со работниците за обезбедување за време на одржувањето на јавниот собир, односно настанот и
- средство за комуникација со ова лице.

Во рамки на законските овластувања, во вршењето на физичко обезбедување работникот за обезбедување е овластен да:

-врши проверка на идентитет на лица при влез во просторот што го обезбедува.Работник за обезбедување ќе изврши проверка на идентитет на лице:при влез или излез од просторот што работникот го обезбедува;на лице кое се наоѓа во превозно средство кое влегува или излегува од просторот што работникот го обезбедува;на лице кое е затечено во вршење на кривично дело или прекршок ипо наредба на овластено службено лице на МВР. Проверка на идентитет се врши со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија

- предупреди лице да се оддалечи од просторот што го обезбедува, ако лицето неовластено се задржува во него, односно да го предупреди лицето кое со своето однесување или пропуштање да стори нешто ја загрозува сопствената или безбедноста на другите или може да предизвика оштетување на просторот што се обезбедува. Предупредувањето се издава на јасен и недвосмислен начин, на глас, со движења на рацете и телото или со испишани предупредувања и забрани;

- не дозволи влез на неповикано лице, како и да забрани неовластено снимање или внесување на средства и опрема за таа намена во просторот што го обезбедува. Доколку лицето е малолетник, работникот за обезбедување е должен веднаш да го извести Министерството за внатрешни работи заради постапување согласно прописите од областа на малолетничката правда. Работникот за обезбедување е должен на лицето да му ги соопшти причините за

неговото задржување, а истовремено за задржувањето ќе го извести ЦОН.Операторот од ЦОН за задржувањето веднаш ќе ја извести полицијата.Кога лицето затечено во вршење на кривично дело е ставено под контрола, работникот за обезбедување задолжително му прави преглед. Најважно е лицето да се оневозможи да употреби какво било оружје или орудие.Доколку лицето кај себе има нож, пиштол, штрафцигер и сл., тие предмети му се одземаат и подоцна се предаваат на полиција. За примената на оваа овластување работникот за обезбедување задолжително ќе изготви Извештај за задржувањево кој ќе наведе во кое време, за која цел и кон кое лице го употребил.

- задржи и предаде на полицијата лице затечено во вршење на кривично дело за кое се гони по службена должност до доаѓањето на полицијата. Задржувањето на лицето може да трае максимум шест (6) часа. Пожелно е лицето да биде предадено на полицијата пред истекот на овој временски период.

- врши преглед на лица, предмети, возила и багаж. Работник за обезбедување може да врши преглед на лица, предмети, возила и багаж при влез или излез од имотот што го обезбедува.Прегледот се врши заради пронаоѓање на предмети кои може да се користат заради уништување или оштетување на имотот, односно предизвикување опасност по животот на лицето што работникот го обезбедува.Преглед на лица се врши со надворешна проверка на облеката и обувките што ги носи лицето.Прегледот го врши работник за обезбедување од ист пол, освен кога е нужен итен преглед заради одземање на огнено оружје или предмети подобни за напад.Преглед на предмети се врши со надворешна проверка на предметите кои се наоѓаат кај лице или предмети кои се пренесуваат по налог на лицето.Преглед на возила и багаж се врши со надворешна проверка на просторите на возилото и на багажот.При вршење на прегледот работниците за обезбедување може да користат технички средства за таа намена.

- употреби средства за присилба. Во вршењето обезбедување, работник за обезбедувањеможе да ги примениследниве средства за присилба:

- физичка сила;
- гумена палка;
- средства за врзување на лица;
- хемиски средства (спреј);
- дресирано куче.

„Присилба“ е употреба на легитимен, соодветен и пропорционален физички или механички притисок, со примена на средства согласно закон, насочен кон одредено лице од страна на

работник за приватно обезбедување, само во случај кога работите на обезбедување на лица и имот не може на друг начин да бидат извршени.

Средствата за присилба се применуваат само кога работникот за обезбедување не може на друг начин да одбие непосреден противправен напад насочен кон неговиот или животот на лицата кои ги обезбедува или непосреден противправен напад насочен кон уништување, оштетување или отуѓување на имотот што го обезбедува.

Пред примена на средствата за присилба, работникот за обезбедување е должен гласно да го предупреди лицето спрема кое ќего примени средствотоза присилба.Средствата за присилба може да се употребат ако целта на постапувањето не може да биде остварена на друг начин (со ненасилни средства). Во овој случај се применува начелото на нужност-неопходност заупотреба на средство за присилба, според кое средствата за присилба се употребуваатсамо во случај кога тоа е неопходно потребно и ако тоа е единственото можно средство за постигнување на целта.Работникот за обезбедување секогаш ќе употреби средство за присилба со кое со причинување на најмала штета ќе ја оствари целта. Тоје должен да престане со употребата на средството за присилба, веднаш штом ќе престанат причините поради кои дошло до негова употреба.

За употребата на средствата за присилба, работникот на обезбедување ја известува полицијата веднаш, а најдоцна во рок од еден час од моментот на престанување на вршење на дејствието. Тоа се обврски кои произлегуваат од законските и подзаконските акти кои се однесуваат на примената на средства за присилба (чл. 57 ст. 1 од ЗПО и според чл. 4 од Упатството, ако настапила повреда или смрт). Средствата за присилба не се применуваат спрема деца, очигледно болни, стари и изнемоштени лица, тешки инвалиди и бремени жени, освен ако овие лица со огнено оружје или друго опасно средство непосредно го загрозуваат животот на работникот за обезбедување или на друго лице.

Под примена на физичка сила се подразбира примена на различни зафати, боречки вештини или на нив слични постапки врз телото на друго лице, кои имаат за цел, одбивање на напад, спречување бегство на лицеили совладување на отпорот на тоа лице.

Работникот за обезбедување по претходно предупредување применува физичка сила заради: одбивање на непосреден противправен напад насочен кон неговиот живот или животот на лицата кои ги обезбедува или непосреден противправен напад насочен кон уништување, оштетување или отуѓување на имотот што го обезбедува.

Ударите сошлаканица и клоца, тегнењето за коса, за облека и за уши,не се сметаат за употреба на физичка сила и работникот за обезбедување не смее да ги применува.Ако работникот за обезбедување оцени дека непосредниот напад или отпорот од страна на лицето може да биде совладан само со примена на физичка сила, првенствено ќе го примени тоа средство за присилба.

Ако работникот за обезбедување оцени дека неможе да го совлада отпорот или да одбие напад врз себе, личноста или објектот што ги обезбедува само со примена на физичка сила, ќе примени гумена палка.

За отпор се смета секое спротивставување на наредбите на работникот за обезбедување издадени за оддалечување од определено место, за соодветно постапување, за задржување, со кое тоа се оневозможува.Отпорот може да биде активен и пасивен.

Активен отпор постои кога лицето дава отпор со примена на оружје, орудие, други предмети или физичка сила (се бори, се турка, се засолнува со разни предмети) и на тој начин го оневозможува работникот за обезбедување да ги извршува службените работи.

Пасивен отпор постои кога лицето нема да се одзве на предупредувањето на работникот за обезбедување или ќе се стави во таква положба (ќе легне, ќе клекне, ќе се фати за некој предмет и слично) со кое се оневозможува извршувањето на службените работи.

Гумена палка не смее и не е дозволено да се употреби:

- врз витални делови на телото (глава, слабини, стомак);
- над лице кое дава само пасивен отпор и
- против бремена жена чија бременост е видлива, старо и изнемоштено лице и дете, освен ако овие лица со оружје или со други опасни средства, непосредно го загрозуваат животот на работникот или лицето кое го обезбедува.

Како средства за врзување на лица се сметаат- лисици, пластични стеги и прирачни средства (ленти, ленти за лепење, кожен или пластичен ремен, врвки или други средства со кои на лицето може да му се заврзат рацете). Со употреба на при рачните средства треба да се прекине веднаш штом се обезбедат лисици или пластични стеги, само доколку истото не влијае на безбедноста на постапката, на работникот за обезбедување или безбедноста на трети лица.

Работникот за обезбедување кога користи лисици или пластични стеги му ги врзува рацете на лицето зад неговиот грб. Средства за врзување на лице ќе се употребат во случај само ако не може поинаку:

- да се спречи отпор на лице;

- да се спречи бегство на лице кое треба да се задржи и
- да се оневозможи самоповредување или повреда на други лица.

Под примена на хемиски средства (спреј) се смета примена на течни форми на распрскувачи, кои не се штетни за здравјето на луѓето.Работникот за обезбедување го користи на начин што го стиска спрејот и го насочува кон лицето. При употреба на спрејот треба да се почитуваат упатствата на производителот. Спрејот треба да е наполнет со супстанца која надразнува и да е покриен во делот каде што се активира. На работникот за обезбедување му е дозволено и ќе употреби хемиски средства (спреј) само во случај ако не може поинаку:

- да се спречи отпор од едно или повеќе лица, или одбие непосреден напад насочен спрема работникот за обезбедување или лицето што го обезбедува;
- да воспостави нарушен ред и мир во поголем обем (масовни тепачки).

За вршење работи на физичко обезбедување може да се употреби дресирано куче, доколку:

- има потврда за успешно завршена дресура и
- е под непосреден надзор на работник за обезбедување (водич на дресирано куче) кој има потврда за успешно завршена обука за употреба на дресирано куче.

Пред употреба на секоја мерка на присилба задолжително лицата се предупредуваат.

Во овој дел не е споменато и разработеноовластувањето за употреба на огнено оружје. Во примената на мерките на овластување при обезбедување на настани, јавни собири и спортски натпревари не е дозволено носење на огнено оружје на лицата од обезбедувањето. Тоа се прави од безбедносни и превентивни причини заради избегнување на инциденти и повреда на поголем број на луѓе присутни на настаните, заради нивната бројност на едно место во исто време.

Работниците за обезбедување, обезбедувањето го вршат во работна облека. По исклучок работник за обезбедување не мора да носи работна облека, меѓутоа мора да има соодветна ознака на правното лице. Правните лица кои вршат приватно обезбедување се должни да обезбедат работна облека за работниците за обезбедување на која треба да има соодветна ознака на правното лице.Работната облека се носи само во текот на работното време на работникот за обезбедување, како и при доаѓање и враќање од работното место.Работната облека или делови

од неа и ознаката на правното лице не смеат да ги носат, односно користат лица кои не се овластени за тоа. За време обезбедување на собири, јавни настани и спортски натпревари лицата од обезбедувањето мора да носта елеци со светлоодбојни ленти на кои пишува обезбедување.

Овластувањата работникот за обезбедување може да ги примени само во просторот што се обезбедува или до границата на просторот што се обезбедува, кога врши телесна заштита и патролно обезбедување.

Во оваа смисла добро е да ги потенцираме и карактеристиките на лицата за обезбедување. Нивни лични карактеристики потребно е да бидат :

- личен интегритет;
- моќнаперцепција;
- критичкоразмислување;
- комуникацискивештини;
- психолошкастабилност;
- флексибилност;
- почитување;
- тимскаработа.

Наведените елементи се во функција на образложението кое ќе биде дадено за подготовка, организација и реализација на обезбедувањето на јавните собири, манифестации и спортски натпревари.

## 2.2.Подготовка и реализација на обезбедување на настани

Обезбедувањето на настани се однесува на обезбедување кога се ангажирани 5 (пет) или повеќе работници за обезбедување. Обезбедувањето се однесува на јавни собири, манифестации од областите на културата, забавни, верски, економски, политички и др. собирања на поголем број на граѓани или спортски натпревари. Обезбедувањето се однесува на физичка и техничка заштита на одреден простор (отворен или затворен), и јавниот ред и мир, како и личности (од политиката, економијата, културниот или забавниот живот- ВИП личности).

Постапката за планирање, изведување и извршување на обезбедувањето започнува со доставено (усно или писмено) барање од клиент (физичко или правно лице) за реализација на услуга-обезбедување на настан. Клиентот најчесто се јавува како организатор на настанот, дел од организациската структура, припадници на одредена организација (владина, невладина), верски заедници, синдикални

организации, политички партии, крила на политички субјекти, федерации, клубови, поединци и сл.

Следува организација на состанок, средба со клиентот на кој би требало да присуствува овластено лице/а од барателот на услугата, со овластување да договараат и потпишуваат договор за услугата и претставници од Агенцијата за обезбедување, исто така овластени да договараат и потпишуваат договори за давање на услуги. На состанокот покрај воведниот дел и дефинирањето на услугата, во однос на вид на настан, потребни ресурси и вид и содржина на услугата, потребно е да се обезбедат податоци за клиентот. Податоците за клиентот не треба да бидат тајни, конспиративни, туку точно да се наведе кој и што е за да може да се реализира услугата-обезбедување на настан. Се обезбедуваат идентификациони податоци од одговорниот, кој е назначен за организација и реализација на настанот од страна на клиентот, заради потврдување на сериозноста на барањето. Се бара име и презиме на присутниот/те, се бара име на правното лице-клиент, ЕДБ, ЕМБГ од одговорното лице, банкарска сметка, начин и вид на понатамошна комуникација. Добро би било доколку веднаш на самиот состанок клиентот би одредил лице за натамошна комуникација за потребна координација и договарање на поединостите.

На состанокот клиентот (организаторот, нарачателот на услугата) должен е да ги презентира сите податоци за планираниот настан за кој бара услуга за обезбедување. Важно е да одредиме вид на настанот, дали е спортски натпревар, културен, забавен, верски, економски, политички или друг настан. Одредувањето на точниот ден по датум и време е доста важно, како и планираниот временски интервал на траење на настанот. Може веднаш на состанокот или после во рамки на комуникацијата за координација да се даде конкретната агенда на настанот, со посочени присутни во официјалниот дел од истиот, како и можни други кои би дошле на настанот, а се од посебна важност за настанот, но пред се важно е да се констатира нивната улога (конференсие, официјално ќе го отвора настанот, почесен гостин, и сл). Ова ни е потребно заради понатамошно планирање и распоредување на силите на обезбедувањето, во правец на појачување со човечки и технички ресурси на местата каде се наоѓаат поважни личности, кои можат да го одбележат настанот и смират присутните или лица кои би ги испровоцирале присутните за несоодветно однесување.

Важни елементи кои се потребни да се добијат како базични сознанија се:

- Зошто се одржува настанот? Тука мора да се препознаат причините кои одговараат на важноста и виталноста на одржувањето на настанот;

- Кои ќе бидат засегнатите страни на настанот? Тие вклучуваат внатрешни засегнати страни, како што се одборот на директори, одборот, персоналот и публиката или гостите и надворешните чинители, како што се медиумите и политичарите;
- Кога ќе се одржи настанот? Дали има доволно време за истражување и планирање на настанот?
- Каде ќе се одржи настанот? Изборот на место мора да претставува најдобар можен компромис помеѓу организационите потреби на настанот, удобноста на посетителите, пристапноста и трошоците.
- Која е содржината на настанот или целта на настанот?

Дополнителни прашања кои треба да се разјаснат се:

- Кои се учесници на настанот- поединци, групи, екипи, здруженија;
- Податоци за учесниците на настанот- претходни учества, деструктивни сценарија, абнормални однесувања, провокативно однесување, барање за поддршка за деструкција, дополнителни планови или разработени сценарија за нарушување на настани или повреда на просторот или присутните лица;
- Начин на присуство- билети, покани, пропусници, идентификациони документи, слободен пристап и присуство и сл.
- Очекуван број на присутни лица, според сознанијата на клиентот или капацитет на објектот каде би доаѓале лицата на настанот;
- Присуство на ВИП личности, кои уживаат обезбедување од страна на официјалните органи на државата, лично обезбедување или друг вид на обезбедување; лица кои се важни за настанот, но не уживаат дополнително обезбедување, нивни придружници и сл.
- Присуство на акредитирани новинарски екипи, со камери, лично или присуство на лица од други јавни медиуми, слободни известувачи и сл.
- Присуство на полициски сили, пожарникарски екипи и медицински служби е важен дел од сознанијата за настанот, затоа што и за нив потребно е соодветен план и ресурси за поставување, договор за дејствување и постапки по случаи на нарушување на јавниот ред и мир на настанот;

- Доколку се работи за спортски натпревар важна информација е присуството на гостинската екипа (нивна бројност), нивни поддржувачи, навивачи, роднини и пријатели на играчите и сл.

Важни се информациите за просторот каде ќе се одвива настанот (доколку е отворен простор), објектот (доколку е во затворен објект) или друго место кое би било можеби комбинација од отворен и затворен простор. Во функција на правење на реална или оптимална проценка за наши потреби, заради одредување на бројност, средства и техника, многу важно е да ги добиеме следните податоци за просторто/објектот:

- Локација на настанот, граници до каде би се движеле или оствариле присуство планираните присутни, начин на обележување на истиот, пристапни патишта и начин на организација на влез во ограничениот простор, договор за проширување доколку просторот стане претесен за присуство на сите лица кои се одлучиле да присуствуваат, начин и локација на прием/влез и напуштање на настанот;
- Доколку се работи за затворен објект/простор колкава е големината на објектот. Во принцип сите изградени објекти кои се наменети за повремено или постојано присуство на лица согласно својата градежна документација точно одредува број на максимално присуство на лица во тој објект. Секое надминување носи ризик за сите. Одредени објекти имаат посебни делови за сместување на присутните кои би можеле да бидат ограничени, оградени или етажно поставени, па затоа ни требаат информации за број на спратови/етажи, капацитет на секој одделно и пристапен терен за влез и излез и секако дополнителни мерки за случај на потреба од евакуација од најразлични потреби.
- Конфигурација и поставеност на објектот/просторот во однос на пристапните патишта, во однос на други објекти од критична инфраструктура, на семејни домови или други објекти или простори во приватна сопственост, со чие загрозување би се направиле големи штети по објектите, лицата или воопшто по безбедноста. Близината на потенцијално опасни простори за ситуации на групна еуфорија или создавање на „стампедо„ (реки, езера, ископани длабоки површини, воени или полициски објекти и сл.). Овие делови посебно треба да се потенцираат заради поставување на доволен број на лица и техника заради оневозможување на повреди или губење на животи, како и правење на непоправливи штети по имотот или воопшто безбедноста;

- Инфраструктура во и околу објектот. Дали постојат други деловни објекти или техника која е во истиот објект каде ќе се реализира настанот;
- Распоред на просториите- прес центри, сали за состаноци, ВИП ложа, гостинска екипа, гостински гледачи и сл.

Добиените податоци за просторот кој ќе биде предмет на обезбедување, за бројот и профилот на присутните, за типот на настанот, се база за градење на проценка од безбедносен аспект за настанот. Во таа функција одговорните лица започнуваат со градење на проценката. Самите податоци за настанот налагаат да се предвидат оптимален број на лица кои што ќе бидат ангажирани. Постојат ситуации кога самиот клиент одредува колку лица ќе бидат потребни за обезбедување на настанот, но таквата пракса пред да се направи безбедносната проценка од наша страна треба да се одбегнува. Клиентите/организатори на настанот, доколку е настан кој е профитабилен за клиентот кој бара обезбедување (спортски натпревар, концерт), секогаш си прават нивна проценка и тоа оди по принципот помалку ангажирани помалку средства за агенцијата за обезбедување, но никогаш не земаат во предвид дека доколку склучиме договор за обезбедување на настанот, согласно одредбите во истиот, одговорноста за сите случувања од безбедносен аспект ја превзема агенцијата за обезбедување. Добро е, кога тоа е настан, со ,,мал,, ризик и нема да има нарушување на планираната агенда на настанот, но доколку клиентот постапува на ваков начин, а од повеќе причини не верува или не знае за одредени ,,црни,, сценарија, тогаш ние не ќе можеме да одговориме соодветно на настанатата ситуација. Во ваков случај, кога организаторот е дециден и сигурен дека нема такви сценарија, во самиот договор добро би било да предвидиме одредба за да избегнеме да сносиме одговорност согласно позитивната законска регулатива на Република Северна Македонија.

Поради тоа најдобар начин е да ги добиеме податоците од клиентот и сами да направиме безбедносна проценка, вклучувајќи и одредени информации и за пошироката безбедносна ситуација во регионот и земјата, актуелни случувања и добиени информации за планирани нарушувања на безбедноста, воопшто на цела територија на државата, на одредени делови или на самиот настан. Потребен е сериозен пристап кон градењето на проценка. Таа треба да опфати:

Потребни ресурси

- Проценка на потребен број на работници за обезбедување за реализација на обезбедувањето;
- Потребни материјално- технички средства
- Начин и средства за комуникација, интерно и екстерно;

- Подготовка на пропусни документи или други потребни документи за обележување на лицата за обезбедување (покрај елеци на кои стои „обезбедување„ што е законска обврска);
- Дополнителни сили кои би биле во резерва со материјално-технички средства, за делување во ситуации кога предвидените и ангажирани ресурси веќе покажуваат слабости и неможност да ја владееме состојбата заради непредвидливи ситуации.

Последователно, веднаш се планира и севкупноста на дејствија кои претходат или се пост реализација на настанот, затоа што многу е погрешно да се планира само одржувањето на самиот настан. Наша обврска е да се поставаат силите од агенцијата за обезбедување, доволен временски период пред почеток и одржување на настанот (дури ако е настан со „висок„ ризик, тоа може да биде еден или неколку денови пред одржувањето, се во функција на остварување на целосен увид на активностите на сите присутни во тие временски интервали, таму, кои можат да имаат посебни конструктивни или деструктивни задачи. Во таа функција потребно е јасно тоа да се договори со клиентот/организаторот на настанот со јасни насоки и однапред договорени постапки, за да не дојде до несакани конфликтни ситуации со лица кои ги обавуваат работите на логистика, подготовка на настанот, а не се од агенцијата за обезбедување. За таа цел се договара надворешното обезбедување. Просторот кој што е предвиден за одржување на настанот (отворен простор) доколку е голем потребно е да го поделиме на неколку зони на кои ќе одредиме соодветен број на лица од обезбедувањето и ќе им се дадат конкретни задачи на постапување и контрола на просторот. За секоја забележана необична ситуација или постапка на присутните (од било кој вид) мора веднаш да се информира одговорното лице, иако можеби настанот не е започнат или има уште многу време до официјалниот почеток на агендираниот дел од настанот. Ваквите постапки ќе бидат следени од соодветно поставени лица кои би реагирале на секое несоодветно однесување или постапување, изразено како патролна активност.

Внатрешното обезбедување подразбира планирање на соодветен број на лица кои ќе бидат поставени со задачи за реализација на настанот, на места кои се сметаат дека ќе дадат резултати за безбедно одвивање на настанот во самиот објект или во просторот кој е точно означен за одвивање на настанот, доколку е отворен простор. Таму согласно повеќе параметри и критериуми се поставуваат оптимален број на лица-обезбедувачи. Нивниот распоред, концентрацијата, типот на модел на поставеност и дејствување ќе бидат покасно објаснети како тактика на дејствување.

Контролата на средствата за превоз со кој ќе се превезуваат официјалните лица предвидени во агендата, но и на присутните на настанот би можеле да го подведеме под надворешно обезбедување, но поради спецификите потребно е посебен простор, начини на пристап, рутина, правци на доаѓање и заминување, обезбедување на превозните средства и др. Тоа се регулира со договорот со клиентот и адекватно се планира во оперативниот план за реализација на настанот. Она што е забрането со Законот за приватно обезбедување е регулирање на сообраќајот од страна на лицата од агенцијата за обезбедување. Ова подразбира дека лицата од обезбедување не можат да ја заменат работата на сообраќајната полиција, која може да го регулира сообраќајот на сите места.

За потребите на агенциите за обезбедување, заради подобро разбирање, потребно е да го објасниме што опфаќа контролата и регулирањето на сообраќајот. Имено, со оглед дека законот забранува лица од обезбедување да го регулираат сообраќајот, тие не смеат да се поставуваат на автопатишта, магистрални и регионални патишта и да даваат сигнали за регулирање на сообраќајот или да вршат контрола на сообраќајот. Но, во ситуации кога имаме договор за обезбедување на настан, лицата од обезбедувањето можат да преземаат мерки за регулирање и контрола на превозните средства во просторот (надворешен периметар) на одредениот дел за паркирање, оставање на превозните средства со полна одговорност, но тоа не смеат да го прават надвор од тој простор. Доколку се дозволи тие да регулираат за потребите на обезбедувањето, надвор од одредениот простор ќе настане дуализам и ќе се преклопат со работата на сообраќајната полиција. Таквиот начин ќе доведе до забуни на возачите и неможност да се оствари почитувањето на сообраќајните правила и прописи. Во просторот одреден за оставање на превозните средства, со целосна одговорност, лицата од обезбедување имаат право и должност да постапуваат според самата ситуација или наредба од одговорниот за настанот и да ги насочуваат учесниците во сообраќајот на места, локации и патеки за безбедно одвивање на настанот. Таквите постапки ќе овозможат да се даде приоритет и да се остават превозните средства на официјалните лица на места каде ќе бидат најбезбедни и ќе се избегнат одредени непосакувани средби, дејствија, настани.

Во координација со Институциите за спроведување на законите, лицата од обезбедување, потребно е да бидат запознати со постапки кои ќе ги реализираат лица кои не се во официјална полициска униформа. Цивилниот состав на Министерството за внатрешни работи, оперативниот состав на Агенцијата за национална безбедност или други служби и агенции доколку се идентификуваат и легитимираат како

припадници на службите, мора да им се овозможи присуство во надворешниот или внатрешниот простор кој што го обезбедуваат припадниците на агенцијата за обезбедување. Истите служби можат да преземаат низа на дејствија, а меѓу другите на официјални настани каде ќе присуствуваат лица кои уживаат законски лично обезбедување, сигурно дека ќе преземаат мерки на контрадиверзиона заштита и преглед на просторот. Просторот во кој тие ќе проверуваат може да биде во рамки на нашиот договорен периметар, но може и надвор од истиот, а тоа е нивна законска обврска. Ние во ваквите случаи потребно е да им овозможиме да ги преземаат сите дејствија кои тие сметаат дека се најсоодветни, иако можеби сме поставени пред нивното доаѓање со обврска да го обезбедуваме просторот. За нивното присуство мора да биде запознат одговорниот за обезбедувањето на настанот од агенцијата за обезбедување. После извршената противдиверзиона или друга контрола на просторот, можно е службите да оставаат свои лица да го обезбедуваат истиот простор или во координација со одговорниот од агенцијата за обезбедување да ни наложат да обрнеме внимание на одредени елементи на кои треба посебно да се посветиме во текот на обезбедувањето. Во таков случај мораме да постапиме согласно пренесеното укажување/наредба од припадниците нанофицијалните овластени службени лица.

Заради обезбедување на целосна заштита на лицата кои ќе бидат присутни на настанот потребно е да бидеме запознати, но и да практикуваме постапки за заштита од пожар. Имено, сите превентивни мерки кои се предвидени во објектот или на просторот, потребно е да се почитуваат во целост и доколку се забележи некој кој отстапува од тие мерки должни сме да се предупреди и да му укажеме на недозволените постапки. Исто така потребно е секој кој ќе биде ангажиран како лице за обезбедување да биде запознат со средствата за гасење на пожар, каде се поставени, кој тип се, на колкава дистанца има други средства, дали има централен хидрантен систем и сл. Превентивните мерки за заштита од пожари потребно е да ги почитуваат сите и лицата од обезбедување, лицата од официјалните служби и органи од агенциите за спроведување на законите и граѓаните. За севкупноста на мерките за заштита од пожари и експлозии ќе се осврнам во овој дел од прирачникот, во функција на запознавање на менаџерскиот тим на агенциите за обезбедување на лица и објекти да знаат да побараат скица и објаснување за противпожарната заштита на објектите во кои организаторите планираат да организираат настан. Целта е да се наведе во договорот за услуга, доколку некој елемент не е соодветен на законската регулатива за заштита од пожари, заради избегнување на

одговорност на агенцијата која ја дава услугата, а несоодветните услови би биле причина за појава и развивање на пожари.

### 2.3.Мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за објекти од јавен карактер од втора, трета, четврта и петта категорија

Мерките за заштита од пожари во објекти од јавен карактер од втора, трета, четврта и петта категорија се однесуваат на сите видови јавни објекти во кои поголем број лица вршат некоја дејност, редовно или повремено, во кои можат да престојуваат подолго или покусо време и други лица (гледачи, купувачи, посетители, патници, болни, ученици, студенти, спортисти и други лица).Објекти од јавен карактер од втора, трета, четврта и петта категорија во смисол на овој правилник се:

- градби за вршење на функциите на државата (за потребите на државните органи и организации ) и други административно-деловни објекти (банки, претставништва, пошти и др.), во натамошниот текст: административно-деловни објекти;
- градби наменети за терцијарна здравствена заштита (клиники, клинички центри, институти, заводи за здравствена заштита и специјална консултативна и болничка здравствена заштита) и градби наменети за примарна и секундарна здравствена заштита (општи болници, центри за рехабилитација, заводи за здравствена заштита, здравствени станици и здравствени домови), во натамошниот текст : градби наменети за примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита;
- градби за масовни приредби (театри, опери, кина, концертни сали, спортски сали, ноќни локали, дискотеки, сали за конференции, сали за игранки и за забава и сите останати градби кои се наменети за голем број на посетители);
- градби наменети за изложување и чување на поставки (изложбени салони, саемски објекти, музејските и архивските депоа, одделенијата за конзервација, библиотеки, центри за документација);
- угостителски градби (ресторани, слаткарници, сл. градби во кои се послужува храна);
- хотели и мотели, кои служат за времен престој на гости;
- базени, сауни, јавни бањи и други објекти наменети за лекување и рехабилитација;
- градби за предучилишна возраст, градби наменети за основно и средно образование и градби за високо образование (универзитети, факултети, академии и високи стручни школи);

- градби за мало стопанство (продавници, самопослуги, супермаркети, хипермаркети, стоковни куќи, трговски центри) и

- градби од верски карактер со придружни содржини.

## 2.4.Превенција од појава на пожари во објекти од јавен карактер

Сите објекти од јавен карактер од втора, трета, четврта и пета категорија се проектираат и изведуваат така што до истите да се овозможи непречен пристап за противпожарни возила од најмалку две спротивни страни на објектот.

Како пристапен пат за противпожарно возило се смета дел од јавен пат или посебно изградена сообраќајница со која што се приоѓа до објектот, кај кој најоддалечената точка на коловозот не смее да биде на поголемо растојание од 25 m од габаритот на објектот.

Како свртувалиште може да се смета одреден дел од пристапниот пат на кој може да се промени насоката на движење на противпожарното возило за повеќе од 120°.

Плато е уреден проширен дел од пристапниот пат по кој се движат противпожарните возила и на кој се организира и изведува пожарната интервенција.

Пристапните патишта (градски сообраќајници, влезови во комплекси, внатрешни сообраќајници во комплекси, платоа за гаснење внатре во комплексот и свртувалишта за пожарните возила) со своите димензии треба да овозможат навремена и непречена интервенција и лесна подготовка и ставање во оперативна функција на противпожарната опрема и техника за локализација и гаснење на пожарот и спасување на луѓето и материјалните добра.

Широчината на коловозот на пристапниот пат, за еднонасочен сообраќај и движење на противпожарните возила се проектира така да не биде помала од 3,5 m, односно шест метри за двонасочен сообраќај.

Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, надвозици и други отвори, минималните димензии на светлиот отвор на проодот се: 3,5 m широчина и 4,5 m височина.

Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, надвозици и други отвори кои се наоѓаат во кривина, минималните димензии на светлиот отвор на проодот се: четири метри широчина и 4,5 m височина.

Рабовите на пристапниот пат мора да бидат закосени, заради лесен пристап на пожарните возила до објектот, а коловозната конструкција на пристапот да се димензионира на осовински притисок од најмалку осум тони.Доколку пристапниот пат за еднонасочен сообраќај не овозможува кружно движење за влез и излез на

пожарните возила, се врши проектирање на свртувалиште кое може да биде кружно или во форма на буквата “Т“ чии што димензии ќе овозможат брзо и непречено завртување на пожарните возила.Платоата за пожарна интервенција се проектираат и изведуваат со минимални димензии од 5,5 m широчина, 15 m должина, пад од 3% и коловозна конструкција со осовински притисок од најмалку 10 тони. Растојанието на платото за пожарна интервенција од фасадата на објектот на која постојат отвори (прозори, балкони, тераси и сл) изнесува од шест до 10 m со што би се овозможила правилна употреба и користење на пожарната опрема за интервенција и спасување од височина. За широчина на фасада до 50 m се предвидува најмалку едно плато за пожарна интервенција.

Сите надворешни ѕидови на кои има отвори (прозори, врати, балкони, тераси и сл.) се проектираат да бидат пристапни за катовите од објектот, а изведба на делови на фасадните ѕидови се дозволени само ако тоа не пречи на употребата на опремата и техниката за гаснење и спасување.

Пожарноотпорноста на носивите конструктивни елементи на објектите се утврдува согласно намената на градбата и изнесува од два до четири часа.Внатрешноста на објектите се секторира на пожарни сектори за да се ограничи ширењето на пожарот и за да се овозможи евакуација и спасување на луѓето и материјалните добра.

Пожарен сектор е дел од објектот (градбата), ограничен со ѕидови, меѓуспратни конструкции отпорни на дејство на пожар во времетраење од најмалку два часа и врати отпорни на дејство на пожар во времетраење од најмалку еден час.Во сите случаи каде што објектот е во директно соседство (залепен) со друг објект или друга просторија, се проектира така да биде изолиран со пожарноотпорни ѕидови и меѓукатна конструкција во времетраење од најмалку два часа.

Доколку во просториите се предвидува спуштен таван, истиот се проектира и изведува од материјал чија пожарноотпорност е во времетраење од најмалку 0,5 часа.Просториите пристапни за публика треба да бидат изолирани од другите партии на зградата кои преставуваат ризик од пожар со ѕидови и меѓукатни конструкции со пожарноотпорноста во времетраење од најмалку два часа

За да се овозможи обесчадување на салите кои се пристапни за публиката тие се проектираат и изведуваат со предвидени отвори за обесчадување.При проектирањето и изведбата на објектите за означување на правците на движење и патиштата за евакуација и излез на слободен простор, во просториите и над нивните излези, хоризонталните и коси комуникациони површини (ходници, скалишни

простори) и главните и помошни излези од градбата кои водат на слободен простор, се определуваат воочливи места на кои се поставуваат панични светла со светлечки натписи: “Излез“ или: “Помошен излез“ и стрелки во насока на евакуацијата, односно систем од нужни панични светла.

Сите внатрешни и надворешни врати на објектот, просторот (просториии) и локали кои примаат повеќе од 20 лица, се проектираат и се изведуваат така да се отвораат во правец на излезот и истите се обезбедени со систем за кочење во отворена положба во насока на излезот.

Објектите и просториите од објектите кои примаат од 20 до 50 лица се проектираат со два излези за евакуација кои водат директно на слободен простор, во ходник кој води на скалишен простор или друга просторија која има свој посебен излез, од кои, едниот е со најмала широчина од 0,8 m, а другиот 0,6 m.

Објектите и просториите од објектите кои примаат од 50 до 100 лица се преоктираат со најмалку два излези кои водат директно на слободен простор, во ходник кој води на слободен или на скалишен простор, со најмала широчина од по 0,8 m, за секој излез. Катовите од објектите кои се со капацитет од 50 до 100 лица се пректираат со еден скалишен простор со широчина на скалишниот крак од најмалку 1,4 m. Покрај овој скалишен простор, се предвидува начин за евакуација на присутните лица преку споредни излези, балкони, тераси и сл.

Објектите и просториите од објектите кои примаат од 100 до 200 лица се проектираат со најмалку два излези кои водат директно на слободен простор, во ходник кој води на слободен или на скалишен простор, од кои, секој со широчина од 1,2 m. Јавните градби кои се со капацитет од 100 до 200 лица се проектираат да имаат најмалку два скалишни простори со вкупна широчина на скалишниот крак од 1,8 m.

Објектите и просториите од објектите кои примаат од 200 до 300 лица се проектираат да имаат најмалку два излези кои водат директно на слободен простор, во ходник кој води на слободен или на скалишен простор, од кои, секој мора да има широчина од 1,4 метри.

Објектите и просториите од објектите кои примаат од 300 до 400 лица се проектираат со најмалку два излези кои водат директно на слободен простор, во ходник кој води на слободен или на скалишен простор, со вкупна ширина од најмалку три метри, односно секој со широчина од најмалку 1,5 m.

Објектите и простории од објектите кои примаат од 400 до 500 лица се проектираат со најмалку два излези кои водат директно на слободен простор, во ходник кој води на слободен или на скалишен

простор, со вкупна широчина од најмалку 3,6 m, односно секој со широчина од најмалку 1,8 m.

Објекти и просториите од објектите кои примаат од 500 до 1000 лица се проектираат со најмалку три излези кои водат директно на слободен простор, во ходник кој води на слободен или на скалишен простор, со вкупна широчина од најмалку 4,2 m, односно секој излез со широчина од најмалку 1,4 m.

Објектите и просториите од објектите кои примаат од 1000 до 1500 лица се проектираат со најмалку четири излези кои водат директно на слободен простор, во ходник кој води на слободен или на скалишен простор, со вкупна широчина од најмалку 6,4 m, односно секој со широчина од најмалку 1,4 m.

За објектите и просториите од објектите кои се со поголем капацитет од 1500 лица, при проектирањето на секои 500 лица се додава уште по еден излез, со најмала широчина од 1,4 m.

Објектите и просториите од објектите кои се наоѓаат под нивото на теренот, за одредување на бројот на излезите се применуваат истите правила имајќи го во предвид теоретскиот број на присутни лица. Теоретскиот број на присутни лица се добива така што стварниот (реалниот, вистинскиот) број на присутни лица се зголемува за 10 лица на секои 100 лица за секој метар длабочина под нивото на околниот терен.

Скалите се проектираат на начин кој овозможува брза евакуација на присутните лица, публиката и персоналот во случај на потреба. Оддалеченоста до скалишниот простор за евакуација е најмногу 35 m.

Објектите, со приземје плус два и повеќе ката и со приземје минус два и повеќе ката се проектираат така да се обезбедат со безбедносни скали. Безбедносните скали се конструктивни елементи на градбите кои се ограничени со ѕидови отпорни на дејство на пожар во времетраење од најмалку два часа и пожарни врати со пожарноотпорност од најмалку еден час кои се отвораат во правецот на евакуацијата и се затвораат автоматски.

Објектите се проектираат и изведуваат така да се обезбеди:

- систем за заштита од атмосферски празнења-громобранска инсталација;

- систем за автоматско откривање и јавување на пожар и рачно јавување на пожар;

- систем за автоматско откривање и гаснење на пожар (согласно намената на градбата, нејзините потреби и прописите);

- систем од нужни-панични светла;

- систем за мерење концентрација на токсични и експлозивни смеси и алармирање за прекумерно дозволени концентрации на токсични и експлозивни смеси под долната граница;

- систем за известување на вработените и посетителите за настанат пожар и потребата од напуштање на градбата-евакуација;

- надворешна и внатрешна хидрантска мрежа за гасење на пожар и

- рачни преносни и рачни превозни противпожарни апарати.

## 2.5.Акредитирање на лица и институции за присуство на настан

Акредитирањето подразбира овластување на одредени лица, институции или групи да можат непречено да се движат и реализираат задачи кои им се ставени во обврска. Ваквиот начин овозможува лесен пристап, избегнување на нервозни, конфликтни ситуации, недоразбирања и инциденти. Во тој правец најдобро е да се изготват писмени упатства за издавање акредитации за секоја група (вработен, волонтери, спортисти, службеници, медиуми, други учесници, ВИП лица, спонзори). Давањето на акредитацијата/дозволата се одвива во координација на организаторот, агенцијата за обезбедување и официјалните служби и органи овластени да реализираат задачи на настанот. Добра е праксата да се одреди област - за безбеден влез на лица со акредитации, каде што ќе има доволно простор за линии за посебно пристапување поединечно, со опрема, за обезбедување и други дејствија.

Како посебен елемент кој што треба да биде разработен системот за акредитирање, а се однесува на безбедноста на настанот е организација и реализација на доставата на одредени намирници за присутните како што се: храна, пијалоци, освежителни намирници, вода и сл. Во договор со клиентот/организаторот потребно е да се договорат постапките и начините за присуство на лица на кои им е дозволено да вршат достава на намирници. Тие претходно треба да имаат соодветен договор со нашиот клиент/организаторот и тој потребно е да ни укаже кои се тие што смеат да влегуваат во просторот/објектот за настанот, како ќе се идентификуваат, список на имиња и што смеат да внесуваат. На таков начин ќе се заштитиме од непосакувани упади на лица, внесување на опасни, запаливи, ескплозивни или отровни материи или провокативен материјал кој би предизвикал еуфорија и немири на настанот. Доколку се организира такви намирници да користат официјалните лица кои уживаат лично обезбедување, тие имаат покрај нив, во состав на екипата за обезбедување и лица за биолошко-хемиско испитување на материите кои би ги употребиле тие лица.

Акредитации/дозволи се издаваат и на медиуми, институции и поединци кои се одредуваат посебно секој по својата функција или задача.

## 2.6.Подготовки на план за обезбедување

Планот за обезбедување на настан/и потребно е да биде акт со целосна слика на предвидени активности од договорот за ангажман на агенцијата, со назначени дејствија пред почеток, за време и конечното завршување на настанот и напуштање на местото на настанот.

Под план за обезбедување се подразбира проценка на безбедносната ситуација за загрозеноста на обезбедуваниот објект, односно личноста и мерките на обезбедување кои ќе се преземаат и реализираат.

Пред да се започне со процесот на обезбедување на настанот, лицето и објектот, мора да се направи реална проценка на податоци за појави и настани поврзани со евентуално загрозување на безбедноста. Преку следењето на носителите на загрозувања, нивното влијание, сила и средства кои ги употребуваат, треба да се креираат и да се преземаат мерки за да се елиминираат или да се отстранат околностите во кои се создадени.

Врз основа на набљудувањето и сознанијата од разговори и преговори со организаторите на настанот, најпрво, се утврдуваат веќе постоечките носители на загрозување на животот, здравјето и делувањето на лицата- организатори и учесници (јадро) на настанот, а потоа во зависност од природата на настанот, политичката поврзаност или друг фактор, ставови и другите карактеристични податоци, се проценува кои форми на загрозувања на безбедноста и нивните носачи би можеле да се појават на настанот.

Во рамките на превентивната дејност влегува и безбедносната проценка на степенот на ранливост на заштитеното настан, во тие рамки лица и објектот и, врз основа на таа проценка и нивото на ранливост, доаѓа до изработка или модификација на постоечкиот безбедносен план.

Безбедносната проценка се определува во форма на пишан документ и е составен дел на планот за обезбедување и ја покажува моменталната безбедносна состојба, предвидување за идни настани и ги прецизира задачите со кои треба да се елиминираат причините, методите на спротивставување, односно превенција со цел да не дојде до загрозување на безбедноста на настанот, лицата и објектот.

Под безбедносна проценка се подразбира збир на сознанија и заклучоци која се стекнува со учество на одредени субјекти и која се оценува во соодветна постапка.[32]

Безбедносната проценка е аналитичко-синтетски, оперативно-стручен и, најчесто, оперативен документ. Аналитичкото проценување на безбедносната ситуација, кој се однесува на дефинирањето и меѓусебната споредба на сите негативни безбедносни настани (потенцијални носители на загрозување, нивните дејства, намери, веројатноста за делување), како и сопствената способност за решавање на безбедносните проблеми. За изградба на безбедносна проценка, многу е важно и неопходно да се обезбеди соодветен број на квалитетни податоци, нивно единствено евидентирање, единствен методолошки пристап кон проценката на безбедносните податоци, како и споредливоста на безбедносната состојба во набљудуваното подрачје, со цел да се развијат и донесат заклучоци кои директно влијаат на планирањето, организирањето и воспоставувањето на соодветни мерки на безбедност и заштита. Целта е да се неутрализираат или да се минимизира веројатноста за закани и загрозувања на безбедноста на настанот. Безбедносната проценка би требало да ја одразува реалната ситуација, треба да биде реална и да претставува основа и прв документ на безбедносниот план, со кој се дефинираат мерките и дејствата за заштита на лицата и објектите.

Проценката на безбедносната ситуација претставува врска помеѓу собирањето, анализата и обработката на податоци од една страна и донесувањето одлуки, од друга страна, со цел да се спречи нарушување на безбедноста на одредени настани.[33]

Поради видот и природата на обезбедувањето, секој настан постојано е изложен на сериозни безбедносни ризици и закани, а степенот на опасност која произлегува од нив е различна. Затоа, од особена важност е за обезбедувањето на настан да се обезбедат услови што гарантираат високо ниво на заштита, како за безбедносниот персонал кој е вклучен во постапката (работниците за обезбедување), така и за општата јавност (лицата во објектите во кои и од кои влегува/излегува лицето, како и сите граѓани кои се присутни или случајно ќе се затекнат на местотона настанот).

Под поимот ризик се подразбира претпоставено, очекувано, прогнозирано, можно идно дејствување, појава или непреземање, пре-дизвикано од човек, технолошки процес или природна појава кое може

---

[32]Стајић, Љ., Пајковић, Д., Систем заштите личности и објеката, Правни факултет, Нови Сад, 2008, стр. 86

[33]Крстић, С., Безбедносна процена угрожености одређених личности, Миленијум груп, Београд, 2012, стр. 65

под определени услови, причини или поводи да предизвика некаков облик на загрозување на луѓето, имотот или некое друго културно или природно добро (вредност). Ризикот треба да се сфати како состојба која му претходи на започнувањето на процесот на загрозување.[34]

Концептот на ризик[35] претставува средство преку кое луѓето ги разбираат или, пак, се справуваат со опасностите и несигурноста во текот на животот. Ризикот е очекување (несакан) настан, очекување во однос на некој надворешен настан, актер или некоја структурна состојба. Преку оваа карактеристика ризикот се поврзува со реалноста, односно со општествените состојби.

Во безбедносна смисла на зборот, ризикот е, всушност, одредена состојба која претходи на заканите и загрозувањата.[36]

Заканата претставува можност поединец или група да изведе постапка што искористува некоја ранливост.[37]Терминот закана (thread) се однесува на несакан, намерен или ненанмерен настан, кој може да предизвика повреда врз одреден субјект. Заканата најчесто ја користи ранливоста на оној кон кој е насочен. Ризикот е веројатност дека одредено лице/а ќе бидат изложени на опасност. Заканите и ризиците можат да предизвикаат одредени повреди и тоа на физичкиот интегритет, терориторијалниот, моралниот и правниот интегритет и повреда на нормите и правилата, повреда на достоинството. Самите повреди можат да предизвикаат повреди или смрт, траума, оштетување на домови, на социјалните релации, оштетувањето на социјалните релации, на вредностите и уверувањата или убедувањата, оштетување на природната околина, на економијата и на инфраструктурата.

Вака структуираните ризици и закани се квалификуваат како општи напади или оштетувања. За секој настан потребно е да ги имаме на ум ваквите можни дејствија кои би можеле покрај попречувањето на настанот, негово прекинување или оневозможување, да придонеста да прераснат во деструкции од широки размери и да направат штети на присутните, на нивниот телесен и животен интегритет, но и на другите елементи кои се претходно набројани. Зато потребата од секогаш земање на заканите и ризиците во прв план кога се прави план за обезбедување на настан се наметнува како неопходност и неодложна

---

[34] За ризиците повеќе кај: Спасески, Ј., Николовски, М., Герасимоски, С., Безбедносни системи – прилог кон учењето за безбедносните системи, Скопје, 2010

[35] Георгиева, Л.: Менаџирање на ризици, Филозофски факултет, Скопје, 2006, стр. 81-83

[36]Спасески, Ј., Аслимоски П., Герасимоски, С., Приватна безбедност, Ун. „Св Климент Охридски", Полициска академија – Скопје, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Скопје-Охрид, 2008, стр. 109

[37] Квигин, Т., Да се види невидливото, Разузнавањето за националната безбедност во несигурно време, Магор, Скопје, 2009, стр. 25

задача. Доколку секогаш кога се работи за безбедносни прашања, потребно е да ја имаме мислата на Владимир Водинелиќ, еден од основоположниците на криминалистичките науки, дека потребно е континуирано да се „сомневаме и сомневаме„ во секој факт или појава, човек, предмет и да очекуваме опасност. Тогаш, претпоставка е деканема да направиме одредени грешки во фазата на планирање, а покасно тоа ќе се рефлектира на безбедноста на самиот настан кој што го обезбедуваме, а секогаш да ја имаме пред себе претпоставката дека непланирани дејствија можат да се случат и може да придонесатза настанување на непоправливи штети, за настанот, за поедници и за општествената заедница во целина.

Опасноста[38] може да се разбере и како дел на ризикот. Таа може да се категоризира како природна, техничка, антропогена (предизвикана од човечки фактор), нуклеарна, еколошка итн. Опасноста содржи потенцијал да предизвика сериозни негативни влијанија кои може да резултираат со вонредна ситуација, криза и катастрофа. При такви услови, обезбедувањето на лицето би се одвивало во отежнати околности.

Опасноста може да се измери (процени) при изработката на безбедносната проценка, доколку се идентификуваат елементите кои се во нејзина близина, односно се изложени на негативни ефекти, на пример, во кои случаи и во кој временски период процесот на обезбедување на настанот би бил доведен во опасност. Колку повеќе детали му се познати на одговорниот за изработување на безбедносната проценка, толку повеќе можности ќе има на располагање за да се измери негативниот потенцијал на опасноста.

Значи, за да се идентификуваат ризиците, заканите и опасностите, потребно е да се изврши безбедносна проценка пред да започне процесот на обезбедување на настанот, поточно уште при составувањето на безбедносниот оперативен план. Секоја безбедносна проценка на загрозеноста на настанот мора да тргнува од констатацијата дека одредена личност на настанот може да биде нападната. Притоа, најпрво, се врши проценка на целокупната безбедносна состојба на територијата на државата или проценка за безбедносната состојба на подрачјето на еден регион, општина, населено место (во зависност од просторот и карактерот на настанот). Ризикот, како иден и неизвесен настан може да се процени и да се определи степенот на опасност која произлегува од него, а врз основа на тоа и да се преземат дополнителни безбедносни мерки.Безбедносната проценка на ризици и закани е исклучително важна компонента за да се овозможи работниците за

---

[38] Кековиќ, З., Бакрески, О., Стефаноски, С., Павловиќ, С., Планирање и процена на ризик во функција на заштита на лица, имот и работење, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2016, стр. 73

обезбедување да можат успешно да управуваат со безбедносните предизвици кои се појавуваат и да се обезбеди најдоброто ниво на заштита на настанот. Безбедносната проценка на нивото на ризици и закани им овозможува на овластените службени лица предвреме да планираат активности за реакција доколку се случат одредени безбедносни настани.

Целта на изработка и примена на безбедносната проценка на ризикот[39] е создавање услови за донесување ефикасни и ефективни одлуки во процесот на заштитата на настанот, лицата, имотот и работењето втемелени врз сеопфатната проценка на ризикот за целиот настан. Со тоа се дава придонес во заштитата и правилното обезбедување на настанот, како и сите лица кои се вклучени или на посреден начин се во контакт со таквиот процес.

Стандардната постапка за проценка на ризик се состои од:

- идентификување на средствата;
- проценка на заканата;
- проценка на слабостите;
- поставување на приоритети во однос на ризиците;
- утврдување и поставување противмерки.

Ваквата безбедносна проценка е основа за донесување одлуки и развој на безбедносен план, т.е. документ кој конкретно ги дефинира мерките кои треба да се преземат за заштита на одредени личности. Имено, валидноста на обезбедувањето, меѓу другото, зависи од валидноста на одлуките. Конечно, тоа зависи од квалитетот на проценката, што воедно е показател за потребата да се подобрат начините за безбедносното проценување и содржината на безбедносните проценки. Обезбедувањето на одредени личности се заснова на безбедносна проценка на загрозеноста, бидејќи таа е основа за утврдување на целите, задачите и носителите на заштитата.[40]

Во рамки на подготовката за правење на план за обезбедување потребно е да добиеме (одговорните во агенцијата) скица на објектот/тите, со планирани места или простор за одредена категорија на лица, каде ќе биде лоцирана другата, евентуално спротивставената публика, група на луѓе и сл. Таквите информации се потребни заради адекватно посветување на внимание во планот за обезбедување и распоредување на соодветно потребен број на лица за обезбедување, а

[39] Кековиќ, З., Бакрески, О., Стефаноски, С., Павловиќ, С., Планирање и процена на ризик во функција на заштита на лица, имот и работење, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2016, стр. 147

[40]Павловић, Н., Модели праћења и процењивање безбедносне ситуације у функцији обезбеђења и заштите одређене личности, специјалистички рад, Криминалистичко-полицијска академија, Београд, 2013, стр. 10

покасно и дефинирање на моделот на поставеност, евентуални смени на лицата поради долго траење на настанот, повлекување во случај на потреба, заедничко делување, затворање на просторот, можна целосна или делумна евакуација и сл. дејствија.

Во рамки на подготвителните активности и договарања со клиентот/организаторот на настанот потребно е да се дефинираат правилата за влез или присуство на настанот. Тоа може да биде од отворен тип на настан и да присуствува кој сака, со билет купен од продажните места, со пропусница, со беџ, со картичка, со легитимација, униформа, обележја и друго. Ваквиот начин на реализација подразбира делегиран ангажман на обезбедувањето или на други лица, а лицата за обезбедување само ќе им бидат поддршка или нивно обезбедување. Во случај да дојде до ситуација на немање на соодветен „документ„ за влез, изгубен, непонесен со нив, ад хок доаѓање, да знае обезбедувачот како да постапи. Присуството на овластени службени лица од МВР или од организаторите исто така се договара и се ставаат јасни граници на преземање на мерки во секоја ситуација, со потенцирање кој е одговорен, кој помага, асистира, презема законски мерки, го затвора просторот и сл. Постоењето на повеќе влезови само ја комплицира севкупната состојба и овозможува да постои зголемен ризик за да се случуваат непосакувани ситуации.

Добиените информации кои се целосни и содржат сознанија за просторот, објектот, присуството, агендата, критериумите за присуство, други служби кои се овластени да присуствуваат, дотур на намирници и сл. како и информациите од безбедносно противпожарна и контрадиверзиона заштита се основата за изготвување на план за обезбедување, кој покрај што има оперативна вредност за нашата фирма и служи за правилно насочување на лицата кои непосредно ќе обезбедуваат, туку тој план се дава на организаторот и тој да биде во тек со севкупниот наш ангажман, но задолжително се доставува и во подрачната единица на МВР кога се пријавува настанот.

## 2.7.Пријавување на настанот

Обврската да го пријави настанот ја има организаторот, нашиот клиент, кој, не покасно од 48 часа од реализација на настанот, треба да ја заврши таа обврска. При пријавувањето на настанот, покрај Барањето за одобрување на одржувањето на настанот, од аспект на безбедност, организаторот е обврзан да поднесе и план за обезбедување од агенцијата за обезбедување со која склучил договор за услуга за обезбедување на настанот, да достави список, кој ќе го добие од агенцијата за обезбедување, на лица ангажирани за обезбедување, со

нивни идентификациони податоци и број на легитимација за обезбедување. Дополнително, во прилог на оваа документација се доставува скица на просторот/ објектот каде ќе се одвива настанот со точно обележани места на лоцирање на обезбедувањето. Таквата мапа потребно е да биде динамичнаи да се нагласи дека согласно потребите распоредот може да се менува и да се алоцираат лицата на други места каде ќе има неопходна потреба, но и донесувањето на нови сили, кои се предвидени да бидат во резерва. Како доплонителна обврска на организаторот е да обезбеди служба за медицинска помош на лица, да информира, побара и обезбеди противпожарна единица. Исто така, во зависност од настанот и ,,тежината,, од безбедносен аспект, доколку е потребно организаторот има за обврска да информира, повика и обезбеди присуство и на други служби и органи од државната управа или приватни компании. Потребно е самиот организатор на секој кој има одредена ,,функција,, на настанот да обезбеди да биде соодветно обележан за да се знае неговиот дозволен и недозволен ангажман, а и да се обезбеди непречено да ги реализираат задачите кои им се ставени во надлежност.

### 2.8.Изготвување план за обезбедување

Безбедносниот план за заштита е сеопфатен и концизен документ кој овозможува и поддржува дистрибуција на информации до сите ангажирани работници за приватно обезбедување.

Информациите содржани во безбедносниот план за заштита се основа за оперативниот план, со кој треба да се намали или да се елиминира опасноста или да се спротивстави на предвидените ризици и да обезбеди упатства за работниците за приватно обезбедување во случај на инцидент.

Постојат повеќе видови планови:

- Постојан план;
- Привремен план.

Секој план е различен врз основа на специфичните барања на одредено место. Поради таа причина, планот треба да биде и да остане флексибилен, бидејќи во, речиси, сите случаи може да се случи нешто дополнително и во тој случај одредени мерки и активности ќе треба да се менуваат. Целите на планирањето се однесуваат на зачувување на безбедноста на настанот, заштитеното лице и објектот, а заради подобра превенција се прават планови кои се конкретни, реални, ефективни и ефикасни.

При изработката на планот за обезбедување секогаш мора да се води сметка дека постојат главни и резервни планови. Планот секогаш

треба да е максималистички,детален, сеопфатен, односно обезбедвањето да се планира со, колку што е можно, поосежни мерки. Во суштина, се тргнува од планот за максимална безбедност, па потоа се коригира во зависност од: материјалните можности, постоечките потреби, слободата на клиентите од материјална и организациска природа.

Планот мора да биде реално остварлив и по можност да е што поедноставен. Безбедносниот план треба да биде информативен, интегриран и повеќеслоен. Безбедносното планирање не смее да се развива на произволен или ад-хок начин, ниту да се развива единствено од евидентирани грешки и пропусти. За да биде ефективен, безбедносниот план мора да биде изграден врз основа на информации за скоро секој аспект од работното делување во сегашноста, но и во минатото и иднината. Мора да биде целосно интегриран со секојдневните операции и рутините. Тој треба да биде „повеќеслоен“ - каде секоја мерка е поддржана и засилена од следната.

Структурата и концептот на планот се разликуваат од една до друга организација, но секој план мора да содржи:

- место и време на одржување на јавниот собир, настанот што се обезбедува;
- број и распоред на ангажираните работници за обезбедување;
- податоци за лицето кое ќе раководи со работниците за обезбедување за време на одржувањето на јавниот собир, односно настанот и
    - средство за комуникација со ова лице.

Во ситуации кога организаторот на настанот е тело на локалната власт, често поставувајќи го настанот како негов концепт или програма за испорака на услуги. За успешно извршување на настанот потребно е да се воспостави мрежа на координација од инволвирани во настанот кои можат да бидат шест основни чинители:

- организацијадомаќин
- локалназаедница
- спонзори
- медиуми
- учесници и гледачи
- соработници

Главен чинител на настанот е организаторот, домаќин или телото, што го организира настанот. Многу е важно одговорниот/организаторот на настанот да ги идентификува и да ги исполни целите на организацијата домаќин за време на организирањето

на настанот. Дополнително, организаторите на настани мора да се запознаат со вредностите и трендовите во домашната заедница и како тие ќе влијаат на реакцијата и очекувањата од самиот настан. За да се балансира влијанието на глобализацијата и новата технологија и да се одржи локалното значење и автентичност на настанот, менаџерите на настани мора да ја вклучат локалната заедница во планирањето и да се консултираат со лидерите и властите за да ги идентификуваат влијанијата врз настанот и да осмислат стратегии за успешно управување со настаните.

Безбедносниот план треба да биде работен документ каде секој аспект постојано се ревидира и ажурира како одговор на организациските промени. За секој план да биде во чекор со предизвиците кои произлегуваат, тој мора да биде официјално во сопственост на член на персоналот кој може да ја преземе одговорноста за надзор над аранжманите и кој има овластување да координира акции.

Без оглед на големината на организацијата на настанот, клучно е планот да има целосна поддршка од менаџмерскиот тим на агенцијата и тоа да се комуницира во текот на целиот настан, особено кога одредени членови на персоналот носат делегирани одговорности. Во случај на инцидент, надлежноста на одговорните за координирање на одговорот мора да биде јасно разбрана од сите вработени.

Размената на совети и информации е важен дел од сите безбедносни планови. Мислењата на високиот менаџмент и вработените во целата организација се од суштинско значење. Но, исто толку значајни се и придонесите од оние кои се надвор од бизнисот, како што се службите за итни случаи, соседните бизниси и специјалистичките експерти (структурно инженерство, информатичка технологија и сл.).

Безбедносниот план содржи некои од најчувствителните информации што се достапни за бизнисот и затоа е важно да биде јасно кој има целосен пристап и како се дистрибуира.

Направен план со претходно разработени елементи како што опишавме, со проценка на секој ризик и закана како и добивање на доволно информации од организаторите за сите аспекти на настанот и ангажирање т.е. реализација, согласно тактичките правила на ефикасно и економично работење значат однапред гарантиран успех и безбедно одвивање на настанот. Профилирање на објектите и проценката на можното нарушување на нормалното одвивање на настанот е

интегрален и задолжителен дел од системите за безбедност. Со него се прави првиот и неопходен чекор во правење на високо квалитетни и ефективен систем на физичка, техничка или физичка и техничка заштита заедно. Не постои универзално решение за планирање на системот за физичка и техничка заштита, но постојат многу специфични ризици и фактори на кои треба да се посвети адекватно внимание. Проценката на ризикот за задачата за обезбедување се прави врз основа на:

- видови, цели, големина и распоред на објектот, локација и околина, конструкција и други карактеристики на објектот;
- критички точки од аспект на можноста за појава на опасност;
- видови и броеви на постојани и повремени корисници;
- оперативни начини и методи за користење на објектот, опрема, предмети и документи кои ќе бидат лоцирани или веќе се во објектитенивото на ризикот од нивно оштетување, отстранување или уништување,
- историја на вонредни настани, напади, закани, ризици.

По детална анализа на горенаведените фактори се гради проценката кој ќе ги вклучува сите потенцијални ризици и опасности на одредениот објект и која ќе претставува основа за одредување на серија мерки во планирање и дизајн на системи за безбедност.

Изградениот план, со сите поединости вградени во него, покрај неговата достава до организаторот и до МВР, потребно е да се презентира пред менаџментот на агенцијата за обезбедување на настанот, во целост, а одговорното лице потрбно е да ги информира одговорните на тимови/групи и согласно тоа да ги подели задачите, задолженијата и насоките за постапување, дејствување по потреба, ад хок постапки или потреба од преземање на поактивни мерки за заштита на присутните на настанот и заштита на објектите и просторот кој е предмет на обезбедување.

## 2.9.Тактика на реализација на обезбедување на настан

Обезбедувањето официјално започнува, согласно, договореното со организаторот на настанот и термините кои се договорени и активностите, кои се предвидении се превземаат со договорената динамика. Во најголем број на случаи, поради избегнување на зголемени трошоци за обезбедување, организаторот од агенцијата за обезбедување бара, да се распоредат лицата од обезбедувањето

непосредно пред почетокот на настанот. Претходно објаснетите чекори на состанок и добивање на значајни информации за планираниот настан, изготвувањето на безбедносната проценка и на основ на неа безбедносниот оперативен план, се важни чекори кои ги реализира овластеното лице од агенцијата за обезбедување и таквите документи (безбедносниот оперативен план) се доставува до МВР. Во него се опишани севкупните активности, бројноста и распоредот на човечките ресурси со техничката опрема која треба да ја поседуваат. Ваквиот план е од доста голема важност за МВР и полициските служби, затоа што орган кој води грижа за јавниот ред и мир и за остварување на безбедност на настаните е МВР. Министерството по основ на свои информации, независно од безбедносниот план на агенцијата, прави проверки, проценки и разговори со лица (организатори, спонзори, раководства на институции, клубови, федерации и сл.), ипо основ на оперативни сознанија кои ги добива од различни чинители, гради проценка и оперативен план за безбедно одвивање на настанот, надвор од плановите на агенцијата за обезбедување. Тука мораме да ги рагранчиме овластувањата, задачите и ангажманот на секого поединечно.

Големите јавни настани се потенцијална можност за сериозно нарушување на јавниот ред и мир, ескалација на насилството, други форми на насилничко однесување кои често се придружени со уништување имот, а во потешки ситуации, ескалацијата на насилство, често резултира со последици за граѓаните, вклучувајќи полесни и тешки телесни повреди и во најтешки ситуации и смрт, како и уништување на нивните добра.

Досегашното искуство во организацијата на настани со висок ризик покажа дека пристапот кон овој проблем бара исклучително високо ниво на подготовка, планирање, организација и тактика, подготовка и обука. Неопходно е да се мобилизираат расположливите ресурси (човечки и технички) за ефикасно да се справи со можната и претпоставена ескалација на насилство од поголеми размери или нарушување на јавниот ред и мир. Откако ќе се одреди терминот на одржување на јавниот настан - организаторот на настанот поднесува Барање до Органот за внатрешни работи на територијата каде ќе се одвива планираниот настан, 48 часа пред време на одржувањето на истиот. Врз основа на извештаите, Органот за внатрешни работи го разгледува барањето и согласно нивна проценка, врз основа на оценката за карактерот на настанот, припадниците на групата и поводот за реализација на настанот, донесува позитивна или негативна одлука. Тоа

подрзабира дава одобрение за одржување на настанот на наведената локација и време или го одбива.

Доколку Барањето се однесува на спортски настан, проценката на безбедноста за ваквиот настан, зависи од видот на настанот, дали и кој тип на колективен спорт ќе се одржува (фудбал, кошарка, ракомет и сл.), или индивидуални спортови, потоа природата на настанот (пријателски натпревар, лигашки натпревар, дерби), очекуваните или најавени изјави, повици, организирање на групите по социјалните мрежи и препознавање на расположението, емоциите, меѓусебната комуникација и испраќање на пораки помеѓу навивачите припадници на спротивставените навивачки групи и преку тоа, проценка на можноста за ескалација на навивањето во насилство. Исто така како важен елемент е и очекуваниот (најавениот) број на посетители и нивната структура, претходни или сегашни спротивставени и нерасчистени ,,сметки,, помеѓу навивачките групи, инволвирање на трета страна, насоката на движење на групата навивачи и нивно доаѓање на местото на одржување на спортскиот настан, проценка за ескалација на насилството, можност за употреба на пиротехнички средства, собрани информации и оперативни сознанија од терен за можни подготвителни активности и потенцијална подготовка на конфликти, проценка на степенот на загрозеност од изворот и обликот на заканата (социјална, природна, техничко-технолошка, вооружена, невооружена, политичка, економска, криминална итн.). Сите овие елементи и многу други информации кои ќе бидат собрани од оперативниот состав на полициските служби ќе служи како појдовна основа за планирање на одржување на настанот, но и како што споменавме можно одлагање, забрана за присуство на една од навивачките групи или забрана на одржување поради опасноста по загрозување на безбедноста.

Активности на агенцијата за обезбедување, кој потпишала договор за услуга.

После информацијата за потпишан договор и потреба од реализација на услуга обезбедување на настан, менаџментот на агенцијата за обезбедување назначува одговорно лице (или тоа може да биде негово работно место за сите настани) и му се наложува да отпочне со подготовка на обезбедувањето. Раководното лице за организација на обезбедување на настанот прави подготовки во неколку чекори. Прво детално го проучува планот за обезбедување и назначува раководители по позиции, согласно поделбата на реони на просторот, зависно од големината и очекуваниот број присутни лица. Потоа одредува извршители, лица обезбедувачи, кои поседуваат лиценца за обезбедување и имаат легитимација, со што докажуваат дека се во

работен однос во агенцијата за обезбедување. Легитимацијата мора да ја носат со себе за време реализација на обезбедувањето. За секој ангажиран се обезбедува елек со светлоодбојни или „флуоросцентни ознаки„ со натпис „обезбедување„. Овие елеци мора да ги поседува секој кој ќе биде ангажиран на настанот како обезбедување. Лицата кои ќе бидат на обезбедувањето на настанот не смеат да носат огнено или друг вид на оружје со себе.

На состанокот кој ќе биде со раководителите по тимови/позиции, одговорното раководно лице ги запознава со целите, задачите, средствата и времетраењето на настанот односно обезбедувањето. Раководителите по тимови/позиции понатаму ги запознаваат непосредните обезбедувачи со сите елементи и информации потребни за настанот.

По претходно известување за ангажирањето секој кој ќе биде одреден за обезбедување на настанот потребно е да се јави на договореното збирно место точно на време. Согласно со временските услови, потребно е да му се укаже за потребата од дополнителна облека, обувки или други реквизити заради избегнување на ситуации на страдање поради несоодветност, а временските услови можат да бидат сурови. Секој од нив треба да биде уреден и да обрнал доволно внимание на хигиената и на облеката. Мора да биде во пропишаната униформа со соодветните ознаки на припадност на агенција за обезбедување и да добие елек кој е потребно да го носи за време на ангажираноста. Истите како што и претходно споменав треба со себе да ја носат легитимацијата. Доколку не носи легитимација не може да биде ангажиран на обезбедување на настанот, а доколку по некоја грешка биде, ако МВР направи проверка и констатира дека работникот нема со себе легитимација тогаш ќе биде покрената прекршочна постапка против него и против агенцијата која го ангажирала. За да се избегнат непријатности добро е при информирање на работникот заангажирање да му се повтори обврската за носењето на легитимација.

Насоките кои што ќе ги пренесуваат одговорните по тимови/позиции би требало, покрај укажувањето на задачите кои произлегуваат за сите, групно, но и за секој поединечно, е да се укаже на професионален однос кон извршувањето на задачите и постапување согласно овластувањата кои што му ги дава Законот за приватно обезбедување на секој кој поседува лиценца и легитимација за приватно обезбедување. За легалното постапување треба да е свесен секој поединечно, и доколку така се постапува успехот на акцијата обезбедување на настан ќе биде секогаш загарантиран, клиентите/организатори задоволни и желни за понтамошна соработка.

Во вавите ситуации кога е договорен терминот на доаѓање на лицата од обезбедувањето на одредено место, непосредно до местото на настанот (отворен или затворен) простор, зависно од временските услови, наредните дејствија можат да бидат на отворено или во затворен простор. Одговорното лице, кога ќе дојде точно времето договорено за собирање на лицата обезбедувачи, потребно е да изврши постројување на истите. Постројувањето би било по тимови или групи кои се со идентични задачи и просторни и работни. Што значи дека ги чита по претходно направен список, кој во кој тим или група припаѓа за конкретниот ангажман и тие се постројуваат согласно планот. Одговорното лице дава краток вовед и запознавање на сите извршители-лица обезбедувачи за целите, задачите и времетраењетона обезбедувањето. Конкретните задачи и обврски на секој ангажиран ќе ги пренесе одговорниот на тим или група.

Постројувањето и запознавањето со работните задачи се искористува и за задолжување со материјално технички средства, со неопходни ресурси од материјална природа кои се неопходни, согласно договорот со организаторот, адекватни на безбедносните, временските и амбиенталните услови. Така опремени и запознати со задачите по тимови или по групи, одговорните на истите ги повикуваат и ги распоредуваат на просторот каде треба да го вршат делот од обезбедувањето, со дополнителни укажувања за детали околу конкретните обврски. При распоредувањето на одреден простор доколку тоа го налага конфигурацијата на теренот, го налагаат условите и се бара покриеност на теренот, лицата обезбедувачи се распоредуваат едни до други во ширина на своите раширени раце и допирот со прстите би укажувал на доброто растојание. Се смета дека ваквиот распоред за настани каде се очекува реакција и покривање целосно на просторот е најповолен, затоа што може да се забележува, реагира и дејствува во тој домен.

## 2.10. Распоредувањеналицатазаобезбедување

Зависно од просторот, конфигурацијата на истиот, големината и поставеноста на објектите, етажната поделба или оддалеченоста на секој дел за обезбедување, како и зависно од задачите кои се дадени на обезбедувачите, коинцидираат со договорот за обезбедување со клиентот/организаторот. Бројот на присутни лица, нивното расположение, дејствување, можности за агресивно однесување, создавање паника и насочување во панична реакција на присутните,го диктираат распоредот на лицата обезбедувачи, кој може да биде различен од случај до случај. Заради успешна реализација на

обезбедувањето и избегнување на пробив во обезбедуваниот простор, напад на обезбедувано лице, или такмичари, лица од спротивен табор, напад на организаторот, итн., обликот на поставеност на лицата обезбедувачи, се диференцираат две глобални групи на поставеност/распоред на обезбедувачите:

1) обичен распоред; и
2) длабинско поставување.

**Обичниот распоред на лицата обезбедувачи** претставува поедноставен начин при што лицата обезбедувачи што учествуваат во ова оперативно дејствие се распоредени, главно, праволиниски само во една линија.

Овие обични (или еднолиниски) распоредувања се нарекуваат и челни,[41] со оглед дека линиски поставените лица обезбедувачи (чиј број е мал) се свртени во правецот од каде што се очекува да се постават помал број на лица. Предноста на овој вид распоред е во тоа што нема опасност од меѓусебно загрозување на учесниците при дејствување во случај на потреба. Тука се применува начинот на растојание помеѓу лицата обезбедувачи до допир на прстите од еден до друг. [42]

Ваквите распоредувања се најзастапени во практиката за обезбедување на настани.

**Длабинските поставувања на лица обезбедувачи** (за чие поставување се ангажирани поголем број обезбедувачи) се посложени и имаат разновидна форма. Се одликуваат со тоа што создаваат поголема застапеност на просторот кој претставува заштитена зона и од каде не треба да се овозможи пробив на никого.

Со длабинскиот распоред  се згуснуваат редовите помеѓу лицата обезбедувачи и се оневозможува создавање слободна зона и делување на лицата кои имаат намера да се пробијат преку обезбедувањето..

Постојат следниве видови длабински распоредувања на лица обезбедувачи:

- **дволиниска поставеност- Лицата обезбедувачи** се распоредени во две паралелни линии и „покриваат", главно, патишта или тесни патеки и други приоди од двете нивни страни. Распоредот е така направен што обезбедувачите од обете линии со лицата се свртени едни спрема други и внимателно ги набљудуваат лицата кои се потенцијални пробивачи на обезбедуваната линија. Всушност, станува збор за системод две обични линиски поставености што се меѓусебно оддалечени најмалку барем до еден метар, а зависно од конфигурацијата на теренот и од други фактори (број на ангажирани лица

---

[41]Види: Жерјав, Ц., Сп. труд, 237.

[42]Богев, С., Сп. труд, Безбедност, 1-2/1987, 60.

обезбедувачи; очекувани правци што треба да се затворат и др.), таквото растојание „може да биде различно и се движи до едно, а по потреба и до неколку метри“;[43]

- **повеќелиниска поставеност-** Станува збор за распоред на лица обезбедувачи во систем од три или повеќе паралелни линии распослани во длабочина на теренот на различно растојание (од неколку метри- зависно од просторот). Овој систем е составен од повеќе лица обезбедувачи, кои ги зголемуваат можностите за повеќекратно истовремено покривање на поголемо подрачје, како и за посигурнозатворање на правците по кои треба да стигнат лица што сакаат да го пробијат системот на безбедно одвивање на настанот. До која линиска точка во длабочина ќе бидат пропуштени лицата зависи првенствено од тактичката проценка.
- **шаховска поставеност-** Се работи за систем на неколку линиски посатвености- распоред на лица обезбедувачи што се состојат од распоред според принципот на шаховско поле, со што се овозможува истовремено затворање на сите можни влезни правци, односно на сите простори од почетната до последната длабинска поставеност. Ваквиот згуснат длабински распоред на лица обезбедувачи, која претпоставува ангажирање на поголем број лица, му остава минимална шанса на било кого да се извлече од поставената обезбедувачка бариера;
- **полукружна поставеност (или во вид на потковица)-** И самото име наоваа поставеност на лицата обезбедувачи покажува дека тие се распоредени во полукруг, согласно конфигурацијата на просторот што се обезбедува, и доколку е потребно поголема концентрација или дејствување на повеќе обезбедувачи на помал простор може да се нареди затворање на отворениот дел и реорганизирање согласно потребите од дејствување. Со овој вид поставеност „лицата се опколуваат и на тој начин успешно се фаќаат или се совладуваат во случај на отпор;“ [44]
- **поставеност во облик на буквата П (или квадрат без една страна).** Слична е на полукружната поставеност;
- **кружна поставеност-** Под овој вид распоредување на лицата обезбедувачи се подразбира распоредување на човечките ресурси во облик на круг. Во моментот кога некое лице/а ќе стигне до обезбедувачите, а сака да пенетрира во центарот на

[43]Пошироко види: Жерјав, Ц., Сп. труд, 237-238; Богев, С., Сп. труд, 60-64; Диниќ, Б., Практично поступање припадника милиције у вршењу службе, Београд, 1973, 221-222.
[44]Диниќ, Б.,Сп. труд, 221.

кружниот дел, каде има лица кои треба да бидат обезбедувани, интервенцијата за негово отстранување, одвраќање или совладување треба да почне, штом се оглуши на нашите предупредувања и доколку се проблематични нивните движења и делувања.Шансите за пробив во центарот на кругот се намалуваат, односно се исклучуваат, доколку на критичното место и во неговата околина се постави систем од неколку кружни распоредувања, од кои надворешната е најголема,а внатрешните се помали;

- **поставеност во вид на ножици-** Овде лицата обезбедувачи се распоредуваат во форма на отворени ножици (или како кос агол). Се применуваат во случаи кога со сигурност се очекува пробивање на лица на определено место претежно на отворен простор на широк дел, со посебна заштита од можно повредување на лицата присутни на настанот поради движења во просторот кон излезите или соблекувалните (спортски настан), или забрането движење поради опасности, природни отвори (клисура, река, дол итн.);
- **комбинирана поставеност-** Определена тактичка ситуација може да наметне потреба од поставување најмалку две или повеќе линиски, кружни или каков било друг вид распореди на лица обезбедувачи. Всушност, станува збор за активирање специфични комбинации составени од неколку модели на распоредување.

Поставеноста на лицата за обезбедување може да биде договорена на самото поставување на почетокот од реализација на задачата обезбедување на настан или покасно согласно непосредна ситуација и случувања на лице место на настанот. Оваа обврска за распоредување и прераспоредување ја има одговорното лице кое во содејство со одговорните на тимовите/групите може да издава насоки и наредби за прегрупирање и алокација на расположивиот човечки потенцијал, дури активирање и на лицата кои се во резерва.

Раководителите/одговорните на тимовите/групите по позиции имаат обврски да комуницираат и да ја координираат работата со одговорното лица за обезбедување. Тие информираат за состојбата и договараат тактика за начините на поставеност, промена на локациите на тимовите/групите, за донесување на нова и дополнителна опрема или за напуштањето на местото, доколку е бесцелно присуството на одреден простор, за кого сме планирале дека ќе биде потребен одреден број на лица обезбедувачи. Раководителите/ одговорните на тимовите/групите ги распоредуваат работниците согласно потребите и даваат основни и дополнителни инструкции и даваат насоки за дејствување. Тие ја следат

работата на сите извршители во тимот/групата и се грижат, преку непосредното присуство, за професионално однесување и извршување на задачите на секој посебно и на сите заедно од тимот/групата, се до завршување на обезбедувањето на настанот. Тие раководат со тимот/групата и информираат за сите преземени дејствија и потреби кои се јавуваат во текот на обезбедувањето. На крајот реферираат за извршената работа пред одговорниот за целото обезбедување.

Одговорниот за обезбедување е постојано во комуникација со одговорните на тимовите/групите, но е во комуникација со претставниците на МВР, полициските менаџери и претставниците на другите државни служби и институции, кои секоја, согласно своите ингеренции реализира задачи кои и се ставени во надлежност. Исто така, целовремено е во комуникација и ја координира врската со организаторот, кој може согласно одредени оправдани потреби да бара проценка и отстапки од претходно договорениот начин на распоред на лицата обезбедувачи и пренасочување, упатување или дејствување во друг правец, простор или лица. Од таквите координативни насоки одредени, кои се битни за степенот на безбедност, загрозеност, опасности или преземање на активности на евакуација, комуницира со одговорните на тимовите/групитеи дава насоки. Целовремено ја следи работата на тимовите/групите и дејствува во ситуација на недоразбирање, отстапување од договореното или насочува непослушни работници. Негова задача е особено да дејствува во ситуација на нарушување на јавниот ред и мир и во координација со МВР, зависно од потребите да даде наредба да се повлечат силите на обезбедување или да се појача на одреден дел, простор или објект. Исто така доколку обезбедувањето на настанот од различни причини се одолговлече, излезе од рамките на планираното, одговорниот може навремено, кога ќе осознае за продолжениот временски интервал, да презема низа на мерки. Да го активира резервниот број на лица обезбедувачи, да ги ротира лицата обезбедувачи од поодговорни и „поопасни„ места кон другите каде е „порелаксирано„, да ослободи од обврска некои кои покажуваат одредени симптоми на замореност, исцрпеност, болест или други симптоми на неможност од понатамошен ангажман. Дури ако има потреба, навремено може од централата на агенцијата за обезбедување да побара да се ангажираат дополнителни сили или материјално технички средства, согласно потребите. Покасно, после нивно даоаѓање да прави комбинации на алокации, прераспоредување или ослободување на одредени обезбедувачи.

Секој обезбедувач во рамки на своите задачи, најважно е да ги знае законските овластувања кои може да ги применува во рамки на просторот на кој што е ангажирана агенцијата, со цел да врши безбедно одвивање на настанот. Мора да биде свесен дека преземањето на „своја рака„на

активности или на дејствија, кои не се дадени во надлежност, согласно позитивната законска регулатива, врши прекршување на правилата и сноси одговорност за тоа. Ефикасност и ефективност се постигнува со добро подготвени, психички и физички, лицата обезбедувачи, кои знаејќи си ги овластувањата и конкретно доверените задачи, надоградени со елементи на послушност, доверливост, ангажираност, внимателни при постапувањата и преземањето на дејствија. Свесноста за работните обврски, посветеноста, ажурноста на реализација на задачите, потребно ниво на одржување на хигиена и исправноста на униформата, одржување на доверените материјално-техничките средства се оптимални карактеристики на личност која е лице за обезбедување.

### 2.11. Постапкипоинцидентниситуации

Обезбедувањето на настаните претпоставува во одредени случаи и ситуации на дејствување на лица поединци или групи на начин кој е забранет согласно позитивната законска регулатива. Секој настан треба да биде проценет по однос на ризикот за загрозување на безбедноста и согласно проценката од „мал„ „среден„ или „висок„ ризик, да се посвети соодветно внимание и да се одредат мерките на превенција и постапување на самиот настан. Оваа градуација на степенот на ризик за настан е најзастапена кај спортските настани, особено кај фудбалот, но не се исклучуваат и другите колективни спортови.

Следниве натпревари се сметаат за натпревари со висок ризик:

- сите натпревари од меѓуклупските натпреварувања на меѓународно ниво, како и сите натпревари од квалификацискиот и финалниот дел од Европското и Светското првенство,
- сите натпревари прогласени како такви од федерациите на соодветниот спорт, врз основа на проценката на претходни инциденти, предизвикани од еден од тимовите или двата тима, т.е. од некои други слични причини,
- сите финални натпревари од Куповите на РСМ,
- сите натпревари за кои бројот на навивачи на гостинскиот тим се проценува дека е поголем од 5%. од капацитетот на стадионот,
- сите натпревари кои го привлекуваат вниманието на голем број странски државјани, т.е ако има индиции дека тие би можеле да предизвикаат нереди и да ја загрозат безбедноста на натпреварот,

- сите натпревари меѓу клубовите чие ривалство е познато од претходно, односно ако постои антагонизам и нетрпеливост меѓу нивните навивачи,
- сите натпревари кои укажуваат на објективна опасност од нереди, според сознанија на оперативните служби..

Понатаму, облиците на насилство според законската инкриминација, кои се јавуваат на нашите простори, можеме да ги класифицираме во неколку категории:

- физички напад врз учесниците на настанот;
- физичка пресметка помеѓу учесниците на настанот;
- фрлање на предмети на просторот или трибините кои можат да го загрозат животот на учесниците на настанот, физичкиот интегритет на лицата или имотот;
- предизвикување на нереди за време на доаѓање кон местото на настанот, односно при напуштање на истиот, пореметување на текот на настанот или загрозување на безбедноста на учесниците на настанот или трети лица;
- оштетување на објектот, опремата, уредите и инсталацијата на објектот во кој се одржува настанот;
- неовластено навлегување на спортскиот терен (доколку се работи за спортски настан), во службените простории и службените пролази на спортскиот објект каде што се одржува спортскиот настан, како и во делот кој е предвиден за противничките играчи,навивачи, официјалните судии и делегатите како и други присутни;
- внесување и употреба на алкохол и други опојни средства во делот каде се одвива настанот;
- внесување и користење на пиротехнички средства и други предмети во делот на одвивање на настанот, а особено изразено во спортските објекти, со кои може да се загрози безбедноста на учесниците на спортскиот настан, како и безбедноста на присутните во спортскиот објект, или со кои може да се загрози текот на самиот настан.[45]

Задача на обезбедувањето е да не дозволи да се појават вакви ситуации. Реализација на безбедносните мерки започнуваат од пред влегување во просторот на одржување на настанот, каде доколку некои не се придржуваат до насоките за влез во просторот можат да бидат задржани и предадени на полициските служби заради несоодветното или забрането однесување. Таквото однесување може да биде посебно

[45]Шикман М., споменат труд, стр. 113

дефинирано како инкриминација во позитивната законска регулатива или посебно одредено во конкретниот случај како недозволено однесување од страна на клиентот/организаторот на настанот. Втора бариера на можности за контрола и спречување на лица за присуство на настанот е официјалниот влезен простор. Може да се бараат одредени услови- билети, беџеви, членски карти или сл. за влез и секој кој нема таков документ нема да може да присуствува на настанот. На самиот влез можат да се применуваат и мерки на контрола на лицата што носат со себе, на себе иливо придружни додатоци кои ги имаат кај себе. За таа цел, сами или најчесто во содејство со полицијата се врши преглед на лицата и нивниот багаж (секако, прегледот на женски лица го вршат припадниците на понежниот пол од службите за обезбедување) и се внимава во целост на настанот.

Кога постои ризик за потенцијално насилство, покрај стандардната униформа кои ги имаат лицата за обезбедување, како материјално технички средства, се користат (помалку или повеќе) и хемиски средства, посебни средства за врска, зајакнат видео надзор, интерфони, геофони, алармни системи, посебна техничка опрема, кои се користат при детален или стандарден преглед на лицата или просторот, се со цел да се спречи внесувањето на недозволени средства на просторот на одржување на настанот.

Како специфичен и најчесто користен предмет за генерална превенција се користи метал – детектор. Тоа е направа која емитува и прима електро – магнетни бранови, а примениот сигнал го зајакнува и го претвора во звучен или светлосен сигнал. Треба да се напомене дека метални предмети многу подобро ги рефлектираат електро – магнетните бранови, па затоа потребно е прагот на осетливост и толеранција на овие метални – детектори да се помести на интензитет помеѓу сигнал за метал и неметал. Овие интервали се доста големи и силни и дозволуваат примена на ваквите уреди за детекција на метални предмети, за помали групи на луѓе, на оддалеченост дури само од неколку метри.

Овие детектори кои се применуваат како дел од основната превенција, вoглавно се произведуваат во три варијанти:

- за преглед на лица се изработуваат мали преносни, рачни уреди;
- за преглед на местото на настанот, со цел на пронаоѓање на фрлени или скриени метални предмети;
- за брза контрола на лица, од аспект на носење на оружје и други метални предмети– детектори во вид на врата.[46]

[46] Митровиќ В., “Криминалистичка техника“, стр. 359

Вториот дел на обврска на лицата од обезбедувањето е насочувањето на лицата во правци каде се планира нивно безбедно присуство и времено се менуваат насоките на распоредување, согласно капацитетите. Понатаму, обезбедување на главниот дел од настанот, бина, говорница, простор за игра на спортските екипи и др. Ова се обезбедува на начин, што се оневозможува пристап на лица од присутните во ограничените делови, со цел спречување на можен напад, попречување на настанот, дофрлување, фрлање на предмети и сл. Ова се прави со активно посматрање на лицата од обезбедувањето, но и со користење на одредени бариери, поставени за отежнување или оневозможување на достапноста до лице местото на настанот.

Секој кој ќе ја премине границата на дозволеното присуство, се опоменува, доколку постојат услови за тоа. Доколку не постојат услови или се оглуши на опомената, тогаш доколку се оцени дека го загрозува безбедното одвивање на настанот и постои опасност по официјалните лица од настанот или другите присутни, се преземаат мерки на физичко спречување на натамошно движење. Ваквата задача може да ја преземе еден од обезбедувањето, но одговорниот на тимот/групата веднаш издава наредба да помогнат и другите лица од обезбедувањето. Ако се појави потреба тогаш и лица од други тимови помагаат во средување на ситуацијата. Доколку се успее во попречувањето, одговорниот за обезбедување, по информација од тимовите одлучува, во координација со организаторот или полицијата за натамошниот третман на лицето. Тоа лице може само да биде одвратено од намерата за пробив во обезбедуваниот дел, но може доколку покаже агресивност да биде отстрането од тој простор, задржано и предадено на полициските органи. Во ситуации кога имаме масовен пробив кон местото кое е обезбедувано, тогаш, одговорниот за обезбедување ценејќи ги сопствените сили, кои ги има на располагање може: да ги алоцира силите на тој простор, да побара појачување, да ја повика полицијата на припомош или доколку, не е во можност да се справи поради големата толпа на лица и покажаната агресивност да ги заштит главните актери и организаторот на настанот и да ги заштит своите вработени од нивно повредување или губење на животи, преку давање на јасни и недвосмислени наредби и насоки наоѓа најповолен начин за дејствување.

Постапувањето на лицата за обезбедување треба да биде согласно законските овластувања и во целосна координација со одговорните лица. Посебно интересни и опасни за реализација на обезбедување се спортските настани, поради појавата на спротивставени навивачки групи, „екстремни„ поединци кои под

плаштот на наводно навивање ќе пласираат и повикуваат на немили ситуации, покажување на агресија, отпор, напад и загрозување во поширок обем на животите на лица, телесниот интегритет или имотот. Меѓународните тела- федерации на спортските настани налагаат задолжително присуство на т.н. редари, лица за обезбедување на настанот. Нивните задачи се да обезбедат ред при влез и излез од спортскиот објект, да одржат ред и дисциплина пред за време и после одржување на натпреварот. Истите ги обезбедуваат домашната екипа, гостинската екипа, раководствата на двете екипи, делегатите, судиите и просторот за одвивање на натпреварот. Ваквите задачи бараат голем ангажман на агенциите, со поголем број на лица обезбедувачи, со соодветни материјално технички средства и соодветна организација. На припомош на ваквите настани секогаш се полициските сили од редовниот состав на полицијата и од посебните и специјалните единици. Полициските сили имаат обврски на пратење и доведување до стадионите на гостинските играчи и навивачи, помагање на организацијата за контрола на влез и излез, распоредување на трибините, одржување на редот помеѓу спротивставените табори и реакција во случај на ескалирање на ситуацијата и преземање на мерки на разделување на групите. Тоа е за  да не дојде до физички контакт, попречување на посериозни последици, преземаат мерки за празнење на трибините доколку се процени дека е неопходно, зачувување на редот и мирот надвор од стадионот и проследување на гостинските екипи и навивачи до безбедни локации за транспорт и заминување. Ваквите нивни задачи ги реализираат согласно со „тежината„ на натпреварот и проценката на безбедносните закани. Ова во голема мерка им помага на лицата од приватното обезбедување за смирување и воспоставување на контрола над присутните навивачи, гледачи, гости. Поради тоа неопходна е целовремена координација со раководителите на полициските служби на теренот со лицата одговорни за обезбедување од агенциите за приватно обезбедување.

Претходно беа опишани обврските и задачите на полициските служби за обезбедување на јавниот ред и мир на спортските натпревари. Ова ќе послужи за запознавање на секој од агенциите за обезбедување, но посебно за менаџерскиот кадар.

Од особена важност е запознавањето со одредени непредвидливи ситуации кои можат да настанат на спортските настани.

## 2.12. Појава на паника при спортски натпревари

Карактеристични причини на појава на паниката на јавните собири, особено на спортските терени се:

- Појава на пожар,на некој од секторите во делот од трибините;
- Уривање на трибината или ѕидот;
- Терористички акт, подметната експлозивна направа и
- Настан како последица на вандалското однесување во делот на присутните или навивачките групи, бегство предизвикано со тепачка или со смртоносна повредаили масата тргнува во една насока и притоа ги гмечи луѓето. Ова најчесто се случува кога некоја група од присутните или од навивачките групи ќе почувствува слабост кај спротивната навивачка група или на полициските сили и во вид на лавина се нафрлува на послабиот. Во таква ситуација лесно настанува паника со повредувања или смртни последици. Напаѓачите опиени од дејството на хормоните тестостерон, адреналин и ендорфин, жртвите ги злоставуваат во некој вид на екстаза, без притоа да имаат чувство на болка или сожалување.

Карактеристични причинители на смрт:

- Задушување,бидејќи толпата во бегство, поретко која напаѓа, луѓето ги притиснува на оградите, ѕидовите или ги гази до смрт;
- Тешки телесни повреди,во вид на скршеници или нагмечувања на коските, или се повредуваат од металните шипки од оградата која ги раздвојува секторите и
- Поретки се повредите кои непосредно ги предизвикува еден човек на друг со некое сретство или со нож и др.

Најзачестените правци на бегство:

- Надолу во насока на празниот простор или игралиштето (при спортскинастан), дури и во ситуации кога постои друг, многу поповолен правец за тоа. Како луѓето да ги привлекува глетката на отворен простор, односно во која насока гледаат во таа насока и бегаат.
- Поединецот се упатува во насока во која се движи мнозинството,веројатно луѓето веруваат дека толку многу луѓе не можат истовремено да грешат, таму сигурно постои некој безбеден излез.

Карактеристики на паника при нејзина масовна појава на јавните настани и спортските стадиони се[47]:

- Параметрите кои ги дефинираат правилата на функционирање на групата се менуваат во многу кус временски период и се заменуваат со нови вредности.
- Добро се забележува причината која ја предизвикуватаквата состојба или нешто за што групата смета дека е причина.
- Однесувањето на луѓето во голема мерка го губи социјализираниот карактер.
- Паниката се шири во вид на експлозија.
- Кај луѓето се јавува висок степен на стресна состојба, веројатно поради тоа се губи рационалноста во нивното однесување.
- Карактеристичен облик на однесување е бегството, минимална е подготвеноста на луѓето за справување.
- Луѓето зафатени со паника не се однесуваат како да се флуид, бидејќи во тој случај сите правци за бегство подеднакво би биле користени. Масата се однесува како да е зрнест материјал и од таа причина масата може да ги „затне“ излезите, односно се распоредува нерамномерно во однос на сите излези.
- Најголем број на повредени и мртви има во првите 10 минути.

Како што може да се види и во појавата на паника постојат определени карактеристики и правила кои може да се предвидат и да се следат.

## 2.13. Што да се прави за справување во ситуација на паника

На сите јавни настани и на спортските објекти,потребно е да се изработи план во случај на појава на паника, кој минимално треба да ги содржи следните елементи:

- Да се предвидат правци за евакуација,на патиштата не смеат да се прават вештачки тесни грла ниту на влез, ниту на излез, односно на еден ходник или кордон;
- Да се предупредат присутните на настанот или навивачите на трибините на можноста од нивно уривање како последица на истовремени ритмички потскокнувања на толпата;
- Да се ослободат просторите и трибините во насока на игралиштето (по висина), односно да се отстранат оградите

[47]Повеќе кај Анастасовски, И., Стојаноска, Т., Насилство, агресија и спорт, Скопје, 2010

помеѓу трибините, просторот со присутни и слободен простор или кон игралиштата;

- Да се определи сектор или дел од просторот или игралиштето за давање прва помош на повреденитена кој ќе бидат сместени и од каде може брзо да се транспортираат. Значи во секој случај мора да постои еден празен сектор.
- Кај разгласниот уред секогаш мора да дежура едно лице, кој е во доволна мерка запознат со планот и доволно е решителен и стабилен да раководи со масата и со работа на стручните служби.
- Да се забрани внесување на сите пиротехнички средства, солзавец, чадни бомби и огноопасни материјали на јавниот простор или на гледалиштето, бидејќи чадната бомба може да го скрие вистинскиот оган, а солзавецот пак може да ги присили луѓето на бегање.
- Луѓето од службите за безбедност мора да се обучат за распознавање на знаците кои укажуваат на појави кои доведуваат до настанување на паника и за тоа која е нивната задачата при тоа.

Понатаму, генерално, од аспект на криминалистичката превенција од насилници или од хулиганизмот и хулиганите, како негови сторители, искуството покажало дека одредени обрасци на однесување на толпата се повторуваат, помалку или повеќе, па согледани се и неколку генерални правци или насоки:

- за време на обезбедување на јавни настани или спортски натпревари од повисок ризик, неопходна е добра и синхронизирана соработка помеѓу агенциите за приватно обезбедување, како носители на редарската служба и договорна страна за реализација на безбеден настан, полицијата, останатите служби кои се во функција на подршка за остварување безбедност, а секоја од нив има своја работа и задачи кои се утврдени со законските прописи;
- меѓусебната координација и работа на службите допринесува за успешна акција за спречување на појавата на насилство на јавните настани, ја намалува можноста за инциденти, т.е. загрозувањето на физичкиот интегритет и живот како на учесниците, така и на лицата кои го посматраат настанот;
- за време на извршувањето на работата, потребно е постојано усовршување и пратење на новите достигнувања во опкружувањето, новите насоки и тенденции, а особено на прифаќањето и спроведувањето

на законските процедури од страна на овластените лица од агенциите за приватна безбедност;

- опремување на објектите за јавни настани, посебно спортските објекти (стадиони, сали, трибини и сл.) со техника за снимање и видео надзор на самиот спортски настан, со што би се можело во секој момент да се користи истата, а секако и нејзино навремено оддржување;
- потребно е да се опремат службите кои непосредно вршат обезбедување на настани со метал – детекторски врати на секој влез од обејктите, рачни метал – детектори од најнови генерации, термовизиски уреди за ноќно и надгледување во лоши метеоролошки услови, детектори за експлозив и наркотици, посебни радио – уреди, возила за посебна намена и сл.[48]

Во врска со спортските настани, на основ на истражувачки податоци, можеме да констатираме дека:

- Кривичните дела што се случуваат на спортските натпревари се во пораст;
- Навивачите се претежно млади, машки личности со средно образование кои што живеат во градските средини;
- Бидејќи безбедносната состојба е добра со тенденција на влошување и навивачите и полицијата се со исто размислување, задолжително е присуство на лица за обезбедување и на полициски сили на спортските натпревари;
- Полицијата при употреба на средствата за присилба, најмногу применува гумена палка, а лицата од обезбедувањето физичката сила;
- Иако полицијата тврди дека е спремна да обезбеди натпревар од висок ризик, најверојатно пропустите што ги прави, ги наведуваат навивачите на размислување дека полицијата не може да обезбеди натпревар од висок ризик;
- Насилничкото однесување на навивачките групи на спортските натпревари, го предизвикуваат репресивниот однос на полицијата;
- Иако многу малку се плашат, сепак навивачите од македонска етничка припадност ги плаши нарушувањето

[48]Ќурица Р., Савановиќ Г. (2011) “Криминалистичко – техничкеметоде у функцијиспречавања и откривања насиља у спорту“, Бања Лука

на јавниот ред, додека навивачите од албанска етничка припадност и полицијата ги плашат меѓуетничките конфликти;

- Мотивот за сторување на кривични дела на спортски натпревари, кај навивачите од македонска етничка припадност е меѓуетнички, додека пак кај навивачите од албанска етничка припадност мотивот е резултатот од натпреварот;
- Меѓусебната соработка на македонската полиција со странските безбедносни служби при меѓународни спортски натпревари, помеѓу нашите и странските клубови дава позитивни резултати, а потребата од пренесување на информациите на агенциите за приватно обезбедување е неопходна, но недоволна во овој период од работата на службите.
- Сеуштеегзистираат пропустите во обезбедувањето, бидејќи на јавните настани и спортските натпревари модусот на делување на деструктивните поединци и групи постојано се менува и усовршува ( пример: од страна на навивачите и понатака се внесуваат пиротехнички средства, во содејство со управите на спортските клубови).
- Работата на агенциите за приватно обезбедување треба да се движи во правец на потреба од повеќе обуки на кадарот, увежбување на разни ситуации на настаните кои се обезбедуваат, набавување на доволни и современи материјално технички средства и опрема.
- Формирање на посебно обучени единици за справување со вакви ситуации во агенциите за приватно обезбедување и во службите за спроведување на законите, конкретно полицијата. Покрај увежбувањето на непосредно делување при нарушен ред и мир на јавните настани или на спортските натпревари, потребно е да се применува проактивен пристап и собирање на оперативни информации за сите аспекти на настанот. Тоа би биле: дознавање за посредни цели на настанот, актерите, средствата со кои ќе делуваат, ефектот кој што сакаат да се постигне, задкулисните нарачатели на ваквите нарушувања, поттикнувачи или поддржувачи. Примената на криминалистичкото разузнавање и анализа на добиените информации е неопходно потребна заради добивање на точни, навремени, употребливи и корисни

информации и избегнување на постапувања, според, точно дозирање на пресметани информации во форма на дезинформации, што можат дополнително да го искомплицираат целиот процес на планирање и реализација на обезбедување на собирите, јавните настани и спортски натпревари.

## РЕФЕРЕНЦИ


1. Анастасовски, И., Стојаноска, Т., Насилство, агресија и спорт, Скопје, 2010
2. Водинелиќ, В., Методика на откривање, докажување и објаснување на насилничкото однесување (силеџиство, хулиганство), Годишник наФакултетот за безбедност, Скопје, 1981
3. Закон за приватно обезбедување (Службен весник на РМ, бр.166/12)
4. Закон за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари (Службен весник на РМ, бр. 89 од 16 декември 2004 година)
5. Зафировски, В., Искуствата на републиката од примената на посебните овластувања на полицијата при воспоставувањето на нарушениот јавен ред и мир на спортските натпревари, Зборник на материјали од одржана трибина, Битола, 1993
6. З. Димовски "Криминалистичка методика", 2019г. Пипринт, Пирот, Република Србија
7. З. Димовски (2007) "Криминалистичко разузнавање" – Прирачник, Графотранс, Скопје
8. Водинелиќ В. (1985) "Криминалистика – откривање и докажување" – I и II том, Факултет за безбедност и ОСЗ, Скопје
9. Игњатовиќ Ѓ. (2008) "Етиологија на малолетнички криминалитет", Зборник за малолетничка правда – од идеја до практика, Скопје
10. Стојановски Т. (1997), "Полицијата во демократското општество", 2-ри Август – С, Штип
11. Зафировски В., Јанколовски З., (1999), "Полициските овластувања и човековите права во Р.Македонија", Скопје
12. Bejatovic S. (2002) "Saradnjapolicije I drugihdrzhavnih organa u prevencijikriminaliteta", Beograd
13. Brimson, D., Tajne nogometnog huliganizma, Celeber, Zagreb, 2006
14. Ignjatovic C., Radovanovic D. (2005) "Polaznikoncepti I granicekrivicnopravnezashtite, Kaznenozakonodavstvo: progresivnailiregresivnareshenja", Beograd
15. Miletic S. (2004) "Osnovejavnebezbednosti – posloviinacinrada", Beograd
16. Miloshevic N., Milojevic S. (2001) "Osnovimetodologijebezbednoshnihnauka", Beograd
17. Galetic G. (2005) "Nasilje medju djecom", Vecernji list, Zagreb

18. Vlajkovic J. (2005) “Nasilje mladih odraz neuredjenog drustva”, Glas javnosti, Beograd
19. Savic M., Knezhic B., (1996) “Nasilje medju vrshnjacima u shkoli” NBP, Kriminalisticko – policijska akademija, Beograd
20. Mitrovic Lj. (2007) “Nasilje nad djecom I prekrshaji iz zakona o zashtiti od nasilja u porodici”, NBP, Kriminalisticko – policijska akademija, Beograd
21. Shuput D. (2011) “The Criminal Act of violent behavior at sports event or at public gathering”, NBP, Kriminalisticko – policijskaakademija, Beograd
22. Simonovic B., Djurdjevic Z., Otashevic B. (2012) “Problemi u primenipropisanamenjenihborbiprotibnasiljainedolicnogponashanjana sportskimpriredbama”, NBP, Kriminalisticko – policijskaakademija, Beograd
23. Otashevic B. (2012) “Vandali u zidinama – fenomenologijahuliganizma”, NBP, Kriminalisticko – policijskaakademija, Beograd
24. De Vreese S. (2012) “Hooliganism under the staticalmagnifyng Glass: A Belgian Case Study”, NBP, Kriminalisticko – policijskaakademija, Beograd
25. Otashevic B. (2010) “Urbano opkruzhenje i nasilje u sportu”, NBP, Kriminalisticko – policijska akademija, Beograd
26. Vla S. (2009) “Sve za tim – huliganizma u engleskom fudbalu”, NBP, Kriminalisticko – policijska akademija, Beograd
27. Joshevic Zh. (1991) “Kriminologija maloletnicke delikvencije”, GIP Kultura, Beograd
28. Peshic V. (1969) “Kriminologija“, Savremenaadministracija, Beograd
29. Magić, M., Problem huliganizma na sportskim natjecanjima i njegova prevencija, Zavrsni rad, Čakovec, 2015
30. Ribler, A., Institution:Sportjugend Hesse-Germany, Function:Secretary for Youth and Sports Policy

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СОБИРИ, ЈАВНИ НАСТАНИ И СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

## - АВТОР -



д-р ЗЛАТЕ ДИМОВСКИ

Злате С. Димовски е роден во Битола. Завршил Факултет за безбедност- Скопје, додипломски и постдипломски студии. Докторирал на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и се стекнал со научна титула доктор по социолошки науки.

Има работно искуство во УБК.

Во моментов е редовен професор на Факултетот за безбедност – Скопје при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.